ПРЕДЛАГАЧ: ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРЕТСТАВНИЦИ:

ПОВЕРЕНИК:

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
# НА
# КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Скопје, јуни 2009 година

## ВОВЕД

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Усвојувањето на Кривичниот законик во 1996 година претставуваше прва фаза на реформата на македонското материјално казнено законодавство која имаше за цел негово конципирање врз нов систем на вредности заснован на демократските придобивки, правната држава и заштитата на човековите слободи и права.

Основните постулати врз кои се базира Кривичниот законик се: казнено - правна филозофија на либералното казнено право, казнено право на правната држава и примат на индивидуалните права и слободи на човекот, сообразување на казненото право со новиот систем на вредности, востановување рационален и ефикасен казнено-правен систем за сузбивање и превенција на криминалот, усогласување со европското казнено право, следење и имплементација на меѓународните обврски на Република Македонија и сл.

Кривичниот законик за прв пат е новелиран во 1999 година со што се извршени измени во посебниот дел меѓу кои доминираат оние кои се движат во насока на заострување на репресијата на корупцијата, а втората новела датира од 2002 година кога се извршени мали измени и дополнувања во посебниот дел на Кривичниот законик.

Втората фаза од реформата на материјалното казнено законодавство започна во 2002 година, а измените и дополнувањата беа извршени во 2004 година со усвојување на Законот за измени  и дополнувања на Кривичниот законик. Главните мотиви за пристапување кон измени беа обврските кои произлегоа од евро-интеграциските процеси на Република Македонија. Измените од 2004 година се сериозна интервенција карактеристична по низата иновации кои за прв пат се внесени  како институти во нашето казнено законодавство. Во таа насока, значајна новина е воведувањето казнена одговорност за правни лица и консеквентно, воведување соодветни казни за нив. Во системот на санкции беа воведени и алтернативните мерки.

Практичната примена на Кривичниот законик во изминатите десетина години покажа извесни недостатоци на законските одредби што резултира со тешкотии во нивната конкретна примена од страна на надлежните институции.  Кај некои од проблематичните одредби се работи за потреба од корекции на самите формулации, а кај други се јавува потреба од преиспитување на целиот концепт на соодветниот институт од казненото право.

Една од областите каде што постојат недостатоци во примената на одредбите на Кривичниот законик е областа на конфискацијата. Оваа материја во Република Македонија е регулирана со новелата на Кривичниот законик во 2004 година. Во Република Македонија конфискацијата на криминалните приноси не е казна затоа што нема ретрибутивна принуда. Имено, со конфискацијата ништо не му се возваќа на сторителот на делото. Исто така, овие мерки не се ниту мерки за

безбедност. Така, со нивното воведување во 2004 година, тие се издвоени од системот на санкции и се предвидени како специфично казнено-правни мерки.

Материјата за конфискација во Република Македонија е уредена во неколку закони: Законот за кривичната постапка, Кривичниот законик и Законот за извршување на санкциите. Така, во членот 97 од Кривичниот законик е пропишано дека никој не може да ја задржи посредната или непосредната имотна корист прибавена со кривично дело. Исто така, во членот 98 е пропишано дека од сторителот ќе се конфискува имотната корист прибавена со кривичното дело што се состои во пари, подвижни или недвижни предмети од вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, а ако нивната конфискација не е можна на сторителот ќе му се конфискува друг имот што одговара на прибавената имотна корист. Во Кривичниот законик е уредена и материјата за одземање на предмети со кои е извршено кривичното дело. Така, во членот 100-а е пропишано дека никој не може да ги задржи предметите што настанале од извршување на кривично дело. Исто така, предвидено е дека од сторителот на кривично дело ќе се одземат и предметите што биле наменети или употребени за извршување на кривичното дело без оглед дали се негова сопственост или сопственост на трето лице ако тоа го бараат интересите на општата безбедност, здравјето на луѓето или причините на моралот. Предметите пак, што се употребени или биле наменети за извршување на кривичното дело може да се одземат ако постои опасност повторно да бидат употребени за извршување на кривично дело. Сепак, предвидено е дека нема да се одземат предмети што се во сопственост на трето лице, освен ако тоа знаело или можело и било должно да знае дека се употребени или биле наменети за извршување на кривичното дело.

И во Законот за кривичната постапка се пропишани одредби што ја уредуваат материјата за конфискација на имот и одземање на предмети. Така, во членот 485 е пропишано дека предметите што според Кривичниот законик мора да се одземат, ќе се одземат и кога кривичната постапка нема да заврши со пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен. Исто така, пропишано е дека имотот и имотната корист прибавени со извршувањето на кривичното дело се утврдува во кривична постапка по службена должност. Судот и другите органи пред кои се води кривичната постапка се должни во текот на постапката да собираат докази и да ги извидуваат околностите што се од важност за утврдување на имотот и имотната корист. Во Законот за кривичната постапка се пропишани и одредби за конфискација на имот на правно лице и за определување на вредноста на конфискуваниот имот и имотна корист. Во членот 493 - б од наведениот Закон е пропишано дека конфискацијата на имот и имотна корист се извршува во рок од 30 дена по правосиланоста на пресудата. Налогот за извршување го издава судот кој ја донел првостепената пресуда.

Во Законот за извршување на санкции е пропишана посебна глава која се однесува на извршувањето на конфискација на имот и имотна корист и одземање предмети. Така, во членот 343 е пропишано дека на лицето на кое му е изречена конфискација на имот и имотна корист му се одзема имотот и користа што ги имал во времето кога пресудата со која се изречени станала правосилна. При извршувањето на конфискацијата пропишано е дека се одземаат имотот и користа

кои според одредбите на Законот за извршување не се изземени од извршување, но само доколку со Законот за извршување на санкции не е поинаку определени. Исто така, во овој закон се пропишани и стварната и месна надлежност за извршување на конфискацијата, извршувањето на конфискацијата спрема правно лице. Во Законот за извршување на санкциите е уредена и материјата за одземање на предмети. Така, пропишано е дека правосилната одлука со која се одземени предмети кои се употребени или биле наменети за извршување на кривично дело или настанале со извршување на кривично дело ја извршува судот определен со закон на начин како што е определено во самата одлука, со уништување или со отстапување на предметите на државен орган или со продавање на предметите, или со предавање во соодветен музеј, ако предметите според својата природа не се наменети за продавање.

Заради надминување на појавените слабости, усогласување со меѓународните стандарди и обезбедување на ефикасна примена на Кривичниот законик, согласно Стратегијата за реформа на казненото право се пристапи кон изготвување на измени и дополнувања.

## II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Законот чие донесување се предлага се заснова врз начелата на:

- законитост,
- легитимитет,
- справедливост,
- вина,
- хуманост,
- индивидуализација,
- специјална превенција и
- ресоцијализација.

Донесувањето на измените и дополнувањата на Кривичниот законик има повеќе цели. Имено, првичната интенција е да се обезбеди усогласување со меѓународните стандарди за повеќе прашања. Исто така, поставена цел е да се надминат појавените слабости поради кои досега институтот конфискација во Република Македонија скоро и да не се применуваше. Воедно, меѓу целите за донесувањето на овој закон е и справувањето со корупцијата како појава што во Република Македонија се манифестира преку повеќе специфични облици. За таа цел, се предлага усогласување со членот 20 од Конвенцијата против корупција на Обединетите нации.

Клучни меѓународни документи во областа на борбата против корупцијата се: Казнената конвенција против корупцијата на Советот на Европа од 1999 година, Цивилната конвенција против корупција на Советот на Европа од 1999 година, Конвенцијата на ООН против незаконитиот промет со опојни droги и психотропни супстанции од 1988 година, Конвенцијата на Советот на Европа за перењето пари, потраги, замрзнување и конфискација на приходите од криминал

(Стразбуршка конвенција) од 1990 година, Конвенцијата на ООН за транснационалниот организиран криминал (Палермо конвенција) од 2000 година и најновата Конвенција на Советот на Европа за перење пари, потраги, замрзнување и конфискација на имотна корист од 2005 година. Може да се констатира дека најголемиот дел од стандардите содржани во овие документи се вградени во нашето законодавство. Сепак, останува спорна примената, односно непримената на институтот конфискација од страна на судовите во досегашната практика во Република Македонија.

Во меѓувреме усвоена е и Рамковната одлука на Советот на министри на Европската унија од 2005 година. Во неа се содржани клучните стандарди кои се однесуваат на проширената конфискација. Така, во овој документ е пропишано дека не само имотната корист што е стекната со конкретното казнено дело кое е предмет на обвинување и осуда, туку и на користа стекната од сторителот обвинет за учество во злосторничко здружение. Имено, предвидено е судот да изрече таква мерка кога ќе се утврди дека вредноста на имотот на обвинетиот е непропорционална со легалните приходи, ако тој не го докаже потеклото на имотот. Во согласност со меѓународните стандарди во вакви случаи товарот на докажување се префрла на обвинетиот. Во тој контекст се и неколкуте пресуди на Европскиот суд за човекови права (*Муррas вс.* Велика Британија и Раимондо) каде што судот вели дека “во борбата против мафијата конфискацијата, чија цел е да ги блокира движењата на сомнителен капитал, е ефикасно и неопходно средство и е сразмерна на поставената цел.“

Во однос на меѓународните стандарди, клучен документ е Рамковната одлука на Советот 2005/212/JXA од 24 февруари 2005 година за конфискација на приход, средства и имот поврзан со криминал. Оваа Рамковна одлука е донесена на иницијатива на Данска во 2005 година, а причините за нејзиното донесување се експанзијата на организираниот криминал. Имено, како што се наведува во Рамковната одлука, „главниот мотив за прекуграничниот организиран криминал е финансиската добивка. Од тие причини, за да се биде ефективен секој обид за спречување и борба против таквиот криминал мора да се фокусира на следењето, замрзнување, запленување и конфискување на приходот од криминал. Меѓутоа, тоа е отежнато, меѓу другото, како резултат на разликите помеѓу легислативата на земјите-членки во оваа сфера.„

Во заклучоците на Европскиот совет во Виена од декември 1998 година, Европскиот совет повика на зацврстување на напорите на ЕУ за борба против меѓународниот организиран криминал во согласност со акционен план за тоа како најдобро да се имплементираат одредбите од Договорот од Амстердам во сферата на слободата, безбедноста и правдата.

Како што е наведено во Рамковната одлука, согласно Акциониот план од Виена, во рок од пет години од влегувањето во сила на Договорот од Амстердам, националните одредби со кои се уредуваат запленувањето и конфискувањето на приходот од криминал мора да се подобрат и приближат каде што е неопходно, земајќи ги предвид правата на трети страни во *bona fide.*

Еден од заклучоците на Европскиот совет од Тампере од 15 и 16 октомври 1999 година нагласува дека перењето пари е во сржта на организираниот криминал и треба да се искорени секаде каде што ќе се појави. Затоа, Европскиот

Совет превзема конкретни мерки за влегување во трага, замрзнување, запленување и конфискување на приходот од криминал. Европскиот совет, исто така, повикува на приближување на кривичното законодавство и постапки за перењето пари (на пример, следењето, замрзнувањето и конфискувањето на средства).

Согласно Препораката 19 во акциониот план од 2000 година насловен како „Спречување и контрола на организираниот криминал: стратегија на Европската унија за почетокот на новиот милениум" , што беше одобрен од Советот на 27 март 2000 година, земјите членки се задолжени да ја испитаат потребата за вградување инструменти кои, земајќи ја предвид најдобрата практика во земјите-членки и почитувајќи ги основните правни принципи, ја воведува можноста за олеснување на товарот на докажување во врска со изворот на средствата што ги поседува лице осудено за кривично дело поврзано со организиран криминал.

Исто така, во Рамковната одлука е наведено дека Конвенцијата од 12 декември 2000 година против транснационалниот организиран криминал, државите-договорнички може да ја разгледаат можноста да се бара сторителот на кривично дело да го докаже легалното потекло на наводниот приход од криминал или друг имот што подлежи на конфискување, доколку таквиот услов е конзистентен со принципите на нивното домашно право и со природата на судската постапка.

Како што се наведува во Рамковната одлука, постојните инструменти во оваа сфера не довеле до задоволителен степен на ефективна прекугранична соработка во однос на конфискувањето со оглед дека сè уште има определен број на земји-членки кои не можат да го конфискуваат приходот од сите кривични дела казниви со лишување од слобода во траење од над една година. Затоа, нејзина основна цел е да се осигура сите земји-членки да имаат ефективни правила со кои се уредува конфискувањето на приходот од криминал, меѓу другото, во однос на товарот на докажување за изворот на средствата што ги поседува лицето осудено за кривично дело поврзано со организиран криминал. Оваа Одлука е поврзана со нацрт на Рамковна одлука на Данска за взаемното признавање во рамките на Европската унија на одлуки што се однесуваат на конфискувањето на приход од криминал и делење на средства, што беше поднесен во исто време.

Донесувањето измените и дополнувањата на Кривичниот законик произлегува од потребата за усогласување на материјата за конфискација со најновите меѓународни стандарди во оваа област. Исто така, измените и дополнувањата на овој закон се предлагаат заради надминување на слабостите на постојните одредби кои беа причина за негово неприменување во досегашната пактика во Република Македонија. Една од клучните причини за донесување на овој закон е и воведувањето на проширената конфискација во нашето казнено законодавство. Ова е институт кој се применува во современите европски законодавства во справувањето со организираниот криминал. Исто така, причина за донесување на овој закон е и усогласување со Конвенцијата на Обединетие нации против корупцијата во однос на пропишувањето ново кривично дело „Противправно стекнување и прикривање имот".

Одредбите за проширена конфискација се среќаваат скоро во сите европски држави при што постојат два модела: моделот на проширена конфискација во кривична постапка карактеристичен за Германија, Белгија, Холандија, Данска и др, и моделот на конфискација во граѓанска постапка имплементиран во Ирска и Англија.

Суштината на конфискацијата во граѓанска постапка е тоа што не мора да постои кривична постапка за да се одземе имотот од лицето кое го стекнало на незаконит начин. Имено, тужбата во граѓанската постапка е насочена не против лице, туку против нелегално стекнатиот предмет (имот). Целата оваа постапка ја спроведува посебна Агенција која што му дава рок од седум години на сопственикот или држателот на стварта да ја докаже законитоста на нејзиното стекнување. Доколку во овој рок тој не ја докаже законитоста на стекнувањето на имотот тој му се конфискува.

За разлика од овој модел, во Германија, Холандија, Белгија, Данска и др. држави се применува моделот на проширена конфискација во кривична постапка.

Така, во Данското законодавство е пропишано дека целосна или делумна конфискација на имотот што му припаѓа на осуденото лице за одредено кривично дело може да се изрече кога: со извршувањето на кривичното дело има стекнато значителна добивка; во согласност со закон, извршеното кривично дело е казниво со казна затвор од најмалку 6 години. Во истиот член од Данскиот кривичен законик се наведува дека конфискацијата не е можна доколку имотот е стекнат на законит начин.

Во Германскиот Казнен законик ова прашање е регулирано во членот 73д. Во него е пропишано дека доколку незаконито дејствие е извршено спротивно на закон што се однесува на оваа одредба, тогаш судот може да нареди губење на правото над тој имот од подготвувачот или поттикнувачот доколку околностите правично наведуваат на претпоставката дека овој имот е стекнат на незаконит начин или со цел да се изврши таква незаконита активниост.

Во Холандија оваа материја е уредена во членот 36 од Кривичниот законик. Притоа основна цел на конфискацијата во Холандија е не да се конфискуваат приносите од делото, туку профитот добиен од неговото извршување. Имено, целокупниот имот на обвинетиот може да биде замрзнат пред донесувањето на правосилната пресуда. Покрај ова, по барање на Јавното обвинителство, со посебна судска одлука на обвинетиот може да му се наложи да плати одредена сума во однос на нелегално стекнатиот имот и тоа доколку овој имот произлегува од кривично дело од четврта и петта категорија.

Проширената конфискација е воведена е и во Хрватска во членот 82 од Кривичниот законик каде што е пропишано дека може да се конфискува и имотната корист која е остварена од организирана гупа или злосторничко здружение која е во временска поврзаност со извршувањето на кривичното дело и за која основано може да се смета дека потекнува од тоа дело, бидејќи не може да се докаже законитоста на стекнувањето на оваа имотна корист.

Исто така, и во Босна и Херцеговина е пропишано дека судот може да го конфискува имотот и имотната корист во посебна постапка доколку има основано сомнение дека овој имот и имотна корист произлегуваат од одредени кривични

дела (кои се такстативно наброени) и за кои сопственикот или држателот на може да докаже дека ги стекнал на законит начин.

Со предложениот Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик се врши исполнување на нашите обврски преземени со Нацоналната програма за усвојување на правото на ЕУ, односно се врши усогласување со повеќе акти од европското законодавство. Имено, Рамковната одлука на Советот од 29 мај 2000 година за зголемување на заштитата преку кривични казни и други санкции против фалсификување поврзано со воведувањето на еврото предвидува повеќе чекори за спречување на фалсификување на европската валута. Согласно истата се врши измени на веќе постоечки кривични дела, но исто така се проширува кругот на кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Понатаму, Рамковната одлука на Советот од 13 јуни 2002 година за борба против тероризмот се однесува на инкриминациите и санкциите на дејствијата поврзани со тероризмот. Од тие причини, со предложениот текст ќе се извршат интервенции во главата која се однесува на кривични дела против јавниот ред.

Во текот на изготвувањето на измените и дополнувањата на Кривичниот законик се користеа компаративни искуства од повеќе земји: Шкотска, Германија, Холандија, Данска, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина и Албанија. Исто така, се следеше и судската пракса на Советот на Европа.

Текстот на предложените измени беше на повеќе наврати доставен на мислење до релевантните државни органи и меѓународни организации. Посебно е важно да се истакне дека беа организирани повеќе тркалезни маси на кои учество зедоа претставници од сите релевантни домашни институции, како и претставници од меѓународните организации кои ги поддржаа решенијата содржани во предлогот.

Работната група која ги подготвуваше измените и дополнувањата на Кривичниот законик изврши консултации со шпански експерти кои работат во рамки на твининг проект со Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во делот на одговорноста на правните лица, конфискацијата на имот и перењето пари.

Со предложените измени и дополнувања ќе се извршат измени во кривичните дела против изборите и гласањето со што се врши усогласување со веќе извршените измени во изборното законодавство. Имено, ќе се прошири кругот на одговорните лица во изборните кампањи и се заоструваат санкциите.

Понатаму, се врши усогласување на Кривичното законодавство со повеќе закони и акти: Законот за индустриска сопственост, Законот за трговските друштва, Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, Законот за јавни набавки, Националната стратегија за заштита од семејно насилство.

Со донесувањето на измените и дополнувањата се врши усогласување со меѓународни инструменти како Ковенцијата за сексуална злоупотреба на децата, Казнената конвенција за корупција на Советот на Европа со Дополнителниот протокол, Конвенцијата за комјутерски криминал со Дополнителниот протокол кој се однесува на казнување на акти на расизам и ксенофобија сторени по пат на информатички систем, Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе. Исто така, се врши и усогласување согласно препораките што произлегуваат од нашето членување во меѓународните организации: Меѓународниот кривичен суд, ГРЕКО[1], МОНИВАЛ[2].

Конечниот предлог на измените и дополнувањата на Кривичниот законик беше доставен на мислење до сите релевантни субјекти во Република Македонија. Голем дел од институциите се согласија со предложените измени, а беа добиени и мислења и предлози за дополнителни интервенции. Повеќето од забелешките беа вградени, додека пак дел не се прифатија заради усогласување со останатите одредби од материјалното и процесното кривично законодавство, казнената политика и македонските номотехнички правила.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Со примената на новите одредби значително ќе бидат зголемени средствата во Буџетот на Република Македонија како резултат на примена на институтот проширена конфискација.

Со воведувањето на можноста за јавно објавување на правосилна судска пресуда ќе има одредени фискални оптоварувања за Судскиот буџет, а исто така интервенциите во одделни закони заради усогласување со измените на Кривичниот законик ќе повлечат фискални импликации. Но, за истите не постои можност за детална проценка. Во секој случај, одредбите предложени во текстот на законот даваат доволен основ за реална претпоставка дека законот нема да предизвикува поголемо зголемување на трошоците.

Обуката на судиите, јавните обвинители и останатите професионални е предвидена со спроведувањето на Акциониот план за имплементација на Стратегијата за реформа на казненото право.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

---

[1] Група на држави против корупција (ГРЕКО) при Советот на Европа

[2] Комитет на експерти за евалуација на мерките против перењето пари и финансирање тероризам (МОНИВАЛ) при Советот на Европа

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ
# И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 60/06, 73/06, 7/08 и 139/08) во членот 1 по зборовите „не било со закон" се додаваат зборовите „или со меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Македонија".

Член 2

По членот (6) се додава нов наслов и нов член 6-а кој гласи:

„Примена на Кривичниот законик спрема малолетници и помлади полнолетни лица

Член 6-а

(1) Кривичниот законик не се применува спрема малолетник кој во време на извршување на делото, кое со закон е предвидено како кривично дело, не наполнил четиринаесет години.
(2) Спрема малолетници и помлади полнолетни лица за кривични дела предвидени со закон или со меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Македонија се применуваат одредбите на овој законик, ако со закон поинаку не е предвидено."

Член 3

Членот 28-а се менува и гласи:

„Член 28-а

(1) Во случаите определени со закон, правното лице е одговорно за кривичното дело сторено од одговорно лице во правното лице, во име, за сметка или во корист на правното лице.
(2) Правното лице е одговорно и за кривично дело сторено од негов вработен или застапник на правното лице со кое е остварена значителна имотна корист или на друг му е нанесена значителна штета, ако:

1) извршувањето на заклучок, наредба или друга одлука или одобрение на орган на управување, орган на раководење или надзорен орган претставува сторување на кривично дело; или

2) до сторување на делото дошло поради пропуштање на должниот надзор на органот на управување, органот на раководење или надзорниот орган; или
3) органот на управување, органот на раководење или надзорниот орган не го спречил кривичното дело или го прикрил или не го пријавил пред покренувањето на кривична постапка против сторителот.

(3) Под условите од став (1) и (2) на овој член, кривично се одговорни сите правни лица со исклучок на државата.
(4) Единиците на локалната самоуправа се одговорни само за делата извршени надвор од нивните јавни овластувања.
(5) Под условите од ставовите (1) и (2) на овој член, странско правно лице е кривично одговорно ако делото е сторено на територијата на Република Македонија, без оглед дали има свое претставништво или подружница која врши дејност на нејзина територија.“

Член 4

По членот 28-а се додаваат два нови наслови и два нови члена 28-б и 28- в кои гласат:

„Граници на одговорноста на правното лице

Член 28-б

(1) Одговорноста на правното лице не ја исклучува кривичната одговорност на физичкото лице како сторител на делото.
(2) Под условите од член 28-а ставовите (1) и (2) на овој член правното лице е одговорно за кривично дело и кога постојат фактички или правни пречки за утврдување на кривичната одговорност на физичкото лице како сторител на делото.
(3) Ако кривичното дело е сторено од небрежност, правното лице е одговорно под условите од член 28-а на овој законик, ако со закон е предвидено казнување за кривично дело сторено од небрежност (член 11 став 2 од овој законик).

Одговорност во случај на стечај
и промена на статусот на правното лице

Член 28-в

(1) Правното лице што е во стечај е одговорно за кривичното дело сторено до донесување на решение за отворање на стечајна постапка под условите од член 28-а од Овој законик, ако со делото е стекната за него значителна имотна корист или на друг му е нанесена значителна штета.
(2) Ако пред завршувањето на кривичната постапка против правното лице дојде до присоединување, спојување, поделба или друга статусна промена согласно

закон поради која тоа го изгубило статусот на правно лице, кривичната постапка ќе продолжи против неговиот правен следбеник или следбеници.“

Член 5

Во член 38 – б во ставот (1) по зборовите „сврзани со“ се додава зборот „стекнување,“.
По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3) кои гласат:
„(2) Казната од ставот (1) на овој член се однесува и на забрана за вршење на должност на службено лице, одговорно лице во правно лице или лице што врши работи од јавен интерес.
(3) Во случаите определени со закон може да се пропише задолжително изрекување на забраната заедно со казната затвор, кога на сторителот му е изречена казна затвор во траење од најмалку шест месеци.“
Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (4) и (5).

Член 6

Во член 39 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:
„(5) При одмерување на казната судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради неговото или нивното национално и социјално потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба, полот, расата или бојата на кожата.“
Ставот (5) станува став (6).

Член 7

Во член 56 став (1) по точката 2 се додава нова точка 3 која гласи:
„3) посетување на програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство“.
Точките 4, 5, 6, 7, 8 и 9 стануваат точки 5, 6, 7, 8, 9 и 10.

Член 8

Во член 57 во ставот (1) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „и соодветното советувалиште.“
Во ставот (2) зборовите „е должен“ се заменуваат со зборовите „и соодветното советувалиште се должни.“

Член 9

Главата шеста „ВОСПИТНИ МЕРКИ И КАЗНУВАЊЕ НА МАЛОЛЕТНИЦИ“ и членовите од 70 до 96 се бришат.

Член 10

Насловите на членовите и членовите 96-а, 96-б, 96-в, 96-г, 96-д и 96-ѓ се менуваат и гласат:

„ Главна казна

Член 96-а

(1) За кривични дела на правни лица како главна казна се изрекува парична казна.
(2) Паричната казна се изрекува во износ кој не може да биде помал од 100 000 денари, ниту поголем од 30 милиони денари.
(3) За кривични дела сторени од користољубие, како и за кривични дела со кои се остварува корист или се предизвикува штета од големи размери, може да се изрече парична казна до двојниот износ од максимумот на оваа казна или во сразмер со висината на предизвиканата штета, односно остварената корист, но најмногу до нивниот десеткратен износ.

Споредни казни

Член 96-б

Под услови определени со Овој законик судот, кога ќе оцени дека правното лице ја злоупотребило својата дејност и дека постои опасност во иднина да го повтори делото, може да изрече една или повеќе од следниве споредни казни:

1) забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;
2) забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно – приватно партнерство;
3) забрана за основање на нови правни лица;
4) забрана за користење субвенции и други поволни кредити;
5) одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;
6) привремена забрана за вршење на одделна дејност;
7) трајна забрана за вршење на одделна дејност;
8) престанок на правното лице.

Услови за изрекување на споредни казни

Член 96-в

(1) Ако оцени дека изрекувањето на една или повеќе од споредните казни одговара на тежината на стореното дело и дека со тоа правното лице ќе се спречи во иднина да врши такви дела, судот може да ги изрече казните од член 96 - б точка 1 до 4 од Овој законик заедно со парична казна.

(2) Судот го определува траењето на казните од став (1) на овој член кое не може да биде пократко од една, ниту подолго од пет години.
(3) Ако од околностите на делото произлегува дека дадената дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право е злоупотребено за неговото извршување, судот ќе изрече одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон заедно со парична казна,
(4) Ако при вршење на дејноста на правното лице е извршено кривично дело за кое за физичко лице е пропишана парична казна или казна затвор до три години, а од начинот на извршување на делото произлегува опасноста од повторно вршење на такво или слично дело судот ќе изрече привремена забрана за вршење одделна дејност во траење од една до три години заедно со паричната казна, .
(5) Ако е извршено дело за кое за физичко лице е пропишана казна затвор од најмалку три години, а од начинот на извршување на делото произлегува опасност од повторно вршење на такво или слично дело судот ќе изрече трајна забрана за вршење одделна дејност од дејностите што ги врши правното лице заедно со парична казна.
(6) Судот ќе ја изрече казната од став (5) на овој член и кога е извршено кривично дело по претходна правосилна пресуда со која на правното лице му е изречена привремена забрана за вршење дејност.
(7) Ако е извршено дело за кое за физичко лице е пропишана казна затвор од најмалку пет години, а од начинот на извршувањето на делото произлегува опасност од повторно вршење на такво или слично дело, судот ќе изрече казна престанок на правното лице заедно со паричната казна,.
(8) Судот ќе ја изрече казната од став (7) на овој член и кога е извршено кривично дело по претходна правосилна пресуда со која на правното лице му е изречена трајна забрана за вршење одделна дејност.
(9) Казната привремена или трајна забрана за вршење одделна дејност и престанок на правното лице не може да се изрече на правно лице основано со закон, како и на политичка партија.
(10) Врз основа на правосилна пресуда со која е изречена казната престанок на правното лице, судот покренува со закон утврдена постапка за ликвидација на правното лице во рок од 30 дена од денот на правосилноста на пресудата.

Впишување и бришење на споредните казни

Член 96- г

(1) Споредните казни од член 96 – в од Овој законик се впишуваат електронски во Регистарот на споредни казни за сторените кривични дела на правни лица кој се води во Централниот регистар на Република Македонија.
(2) Споредните казни од член 96 – в ставовите (1) до (6) од Овој законик се бришат по службена должност од наведениот регистар по истекот на времето за кое се изречени.
(3) Давањето на податоци од Централниот регистар се врши согласно член 106 на Овој законик.

Јавно објавување на правосилна судска одлука

Член 96-д

(1) По барање на оштетениот судот може да одлучи на товар на осуденото лице, да се објави изречената правосилна судска одлука или нејзин дел во Службен весник на Република Македонија и во два од дневните весници, од кои еден на јазикот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.
(2) По барање на правното лице што е ослободено од обвинение или против кое постапката е запрена со правосилна судска одлука, судот ќе одлучи на товар на Судскиот буџет пресудата или дел од неа да се објави во Службен весник на Република Македонија или во два од дневните весници, од кои еден на јазикот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Одмерување на казната

Член 96-ѓ

(1) При одмерување на казната судот ќе го земе предвид билансот на состојбите и билансот на успехот на правното лице, видот на дејноста, природата и тежината на извршеното дело.
(2) Ако судот утврди парична казна за две или повеќе дела во стек, единствената казна не може да го достигне збирот на поединечно утврдените казни, ниту да го надминува законскиот максимум на казната пропишана за правното лице.

Член 11

По членот 96 - ѓ се додаваат осум нови наслови и осум нови членови 96-е, 96-ж, 96-з, 96-ѕ, 96-и, 96-ј, 96-к, 96 - л кои гласат :

„Одмерување на паричната казна

Член 96-е

(1) За кривичните дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години, правното лице се казнува со парична казна до 500 000 денари или, ако делото е сторено од користољубие или е предизвикана штета од големи размери најмногу до двојниот износ на предизвиканата штета или остварената корист.
(2) За кривичните дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку три години, правното лице се казнува со парична казна до еден милион денари или, ако делото е сторено од користољубие или е предизвикана штета од големи размери најмногу до петкратниот износ на предизвиканата штета или остварената корист.

(3) За кривичните дела за кои е пропишана казна затвор најмалку пет години, правното лице се казнува со парична казна најмалку еден милион денари или, ако делото е сторено од користољубие или е предизвикана штета од големи размери до десеткратниот износ на предизвиканата штета или остварената корист.

Изрекување на поблага паричната казна

Член 96-ж

Судот може на правното лице да му изрече поблага парична казна од казната пропишана во член 96 - ѓ од овој законик:

1) ако законот предвидува поблаго казнување;
2) ако законот предвидува можност за ослободување од казна, а судот нема да го ослободи правното лице од казна;
3) ако оцени дека постојат особено олеснувачки околности дека и со поблага казна може да се потигне целта на казнувањето.

Граници на изрекување на поблага парична казна

Член 96-з

(1) Кога се исполнети условите за изрекување на поблага парична казна од член 96-е од Овој законик судот ќе изрече поблага казна во овие граници:

1) за кривичното дело за кое на правното лице може да му се изрече казна до 500 000 денари или до двојниот износ на korista или штетата, може да се изрече поблага казна до 100 000 денари;
2) за кривичното дело за кое на правното лице може да му се изрече парична казна до еден милион денари или до петкратниот износ, паричната казна може да се изрече поблага казна до 200 000 денари или до двојниот износ од корисťа или штетата;
3) за кривичното дело за кое на правното лице може да му се изрече парична казна најмалку еден милион денари или до десеткратниот износ на корисťа или штетата, паричната казна може да се изрече поблага казна до 300 000 денари или до петкратниот износ на корисťа или штетата.

(2) Ако судот е овластен да го ослободи од казна правното лице, може да изрече поблага казна без оглед на границите од став (1) на овој член до најмалата мера на паричната казна.

Ослободување од парична казна

Член 96-ѕ

Правното лице може да се ослободи од казна ако одговорното лице во правното лице, органот на управување или раководење или надзорниот орган по стореното

кривично дело доброволно го пријават сторителот на кривичното дело или ја вратат имотната корист или ги отстранат штетните последици на делото или на друг начин ги надоместат штетните последици на делото.

Извршување на паричната казна

Член 96-и

(1) Ако осуденото правно лице не ја плати паричната казна во рок определен од судот, кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 30 дена од денот на правосилноста на пресудата, таа присилно ќе се изврши.
(2) Ако паричната казна не може да се изврши од имотот на правното лице, поради тоа што правното лице нема таков имот или престанало да постои пред извршување на казната, казната ќе се изврши од неговиот правен следбеник, а ако нема правен следбеник од имотот на основачот или основачите на правното лице, сразмерно на вложените удели, односно во случаите утврдени со закон кај трговското друштво од имотот на акционерите, односно содружниците сразмерно на нивните удели.
(3) Паричната казна на странски правни лица се извршува од имотот конфискуван во Република Македонија или со примена на меѓународен договор ратификуван согласно Уставот на Република Македонија, од имотот во странство.

Условно одлагање на извршување на паричната казна

Член 96-ј

(1) Судот може да одреди условно одлагање на извршување на паричната казна и казните што се состојат во забрани или одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон за време од една до три години кога е извршено кривично дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до три години, ако правното лице даде обезбедување за извршување на паричната казна во случај на отповикување на условната осуда.
(2) Условното одлагање се отповикува ако во рокот на проверувањето е извршено ново кривично дело, ако е откриено порано сторено кривично дело на правното лице или правното лице во определениот рок од страна на судот не даде обезбедување за извршување на паричната казна.
(3) Условната осуда може да се отповика во текот на времето за проверување, а ако правното лице во тоа време стори ново кривично дело кое со пресуда е утврдено дури по истекот на времето на проверување, условната осуда може да се отповика најдоцна во рок од една година од денот од кога изминало времето за проверување.

Конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети

Член 96-к

(1) За конфискацијата на имот и имотна корист прибавени со кривично дело на правно лице соодветно се применуваат одредбите од членовите 97 до 100 на Овој законик.
(2) Ако од  правното лице не може да се конфискува имот или имотна корист поради тоа што престанало да постои пред извршување на конфискацијата, правниот следбеник односно следбеници, а ако не постојат правни следбеници, основачот или основачите на правното лице, односно акционерите или содружниците кај трговското друштво во случаите утврдени со закон, солидарно ќе се обврзат да платат паричен износ што одговара на прибавената имотна корист.
(3) За одземањето предмети од правното лице соодветно се применуваат одредбите од член 101-а на  овој законик.

Посебни одредби за застареност на кривичното
гонење и застареност на извршувањето на казната

Член 96-л

(1) Кривичното гонење на правното лице не може да се преземе кога ќе поминат:
1) три години од извршувањето на кривичното дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до три години;
2) пет години од извршувањето на кривичното дело за кое е пропишана казна затвор над три години;
3) десет години од извршувањето на кривичното дело за кое е пропишана казна затвор над пет години.

(2) Застарувањето на извршувањето на паричната казна и казната одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон настапува кога ќе поминат три години од денот на правосилноста на пресудата со која се изречени.
(3) Застарувањето на извршувањето на казните што се состојат во забрани настапува по истекот на времето за кое се изречени.
(4) Во однос на прекинот и текот на застарувањето на кривичното гонење и текот и прекинот на застарувањето на извршувањето на паричната казна и споредните казни се применуваат одредбите од членовите 107 – 112 од Овој законик.“

Член 12

Во член 97 во ставот 1 зборовите „посредната или непосредната“ се заменуваат со зборовите „непосредната  и посредната“.

Член 13

По членот 97 се додава нов наслов и нов член 97 – а кои гласат:

„Конфискација на посредна имотна корист

Член 97 - а

Покрај непосредната имотна корист од сторителот ќе се конфискува и посредната имотна корист што се состои во:

1) имотот во кој е трансформирана или претворена користа прибавена од кривично дело,
2) имотот стекнат од законски извори, доколку користа прибавена од кривично дело е помешана, во целост или делумно, со таквиот имот, до проценетата вредност од помешаната корист прибавена од кривично дело и
3) приходот или друга корист што произлегува од користа прибавена од кривично дело, од имот во кој користа прибавена од кривично дело е трансформирана или претворена или од имот во кој е помешана користа прибавена од кривично дело, до проценетата вредност на помешаната корист прибавена од кривично дело.“

Член 14

Во член 98 ставот (1) се менува и гласи:
„(1) Од сторителот ќе се конфискува непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривичното дело што се состои во пари, движни или недвижни предмети од вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, а ако нивната конфискација не е можна од сторителот ќе се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената корист.“
Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Непосредната и посредната имотна корист се конфискува и од трети лица за кои е остварена со извршување на кривичното дело.“
По ставот (2) се додава нов став (3) на овој член кој гласи:
„(3) Имотната корист од ставот (1) се конфискува и од членови на семејството на сторителот на кои е пренесена ако е очигледно дека не дале надоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист или од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист.“
Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите „без оглед на тоа што не знаеле или не можеле ниту биле должни да знаат дека се прибавени со кривично дело и“ се бришат.
Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

Член 15

По членот 98 се додава нов наслов и нов член 98 – а кои гласат:

„Проширена конфискација

Член 98 - а

(1) Од сторителот на кривично дело сторено во рамките на злосторничко здружение со кое се остварува имотна корист и за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години, како и кривично дело во врска со тероризмот од членовите 313, 394 – а, 394-б, 394-в и 419 за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна или е поврзано со кривичното дело перење пари за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години, ќе се конфискува имотот стекнат во временски период пред осудата што судот го определува според околностите на случајот, но не подолг од пет години пред сторувањето на делото, кога врз основа на сите околности судот основано е уверен дека имотот ги надминува законските приходи на сторителот и потекнува од такво дело.
(2) Имотот од ставот (1) на овој член ќе се конфискува и од трети лица за кои е остварен со извршување на кривичното дело.
(3) Имотот од ставот (1) на овој член се конфискува и од членови на семејството на сторителот на кои е пренесен кога е очигледно дека не дале противнадоместок што одговара на неговата вредност или од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на нивната вредност.“

Член 16

Во член 104 во ставот (4) зборовите „и на малолетнички затвор“ се бришат.

Член 17

Во член 105 во ставот (2) зборовите „една година“ се заменуваат со зборовите „две години“.
По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) По протекот од две години од денот на примената на казните: забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон, забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно – приватно партнерство, забрана за основање на нови правни лица или забрана за користење на субвенции и други поволни кредити, судот може да одлучи забраните да престанат пред истекот на рокот на времето за кое се изречени.“
Ставовите (3),(4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Член 18

Во член 106 во ставот (2)  точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "освен ако со овој законик не е определен друг орган за водење на казнена евиденција".

Член 19

Во член 122 во ставот (4) точката а) се менува и гласи:
„а) претседателот на Република Македонија, поставените амбасадори и други претставници на Република Македонија во странство и именувани лица од претседателот на Република Македонија, избран или именуван функционер во и од Собранието на Република Македонија, во Владата на Република Македонија, во органите на државната управа, во судовите, Јавното обвинителство, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката, во единиците на локалната самоуправа, како и лица кои постојано или повремено вршат службена должност во овие органи и организаци."
Ставот (5) се менува и гласи:
„(5) Како странско службено лице кога тоа е означено како сторител на кривично дело, се смета лице кое во странска држава, меѓународна организација или јавна институција врши некоја од функциите или должностите определени во точките а) до д) од ставот 4."
Ставот (12) се менува и гласи:
„(12) Пари се средства за плаќање во готово во апоени или електронски пари кои врз основа на закон се во оптек во Република Македонија или во странска држава."
Во ставот (14) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „во Република Македонија или во странска држава."
По ставот (14) се додаваат два нови ставови (15) и (16) кои гласат:
„(15) Под платежни картички се подразбира секаков вид средства за плаќање издадени од банкарски или други финансиски инситутции кои содржат електронски податоци за лица и електронски генерирани броеви со кои се овозможува вршење на каков било вид на финансиски трансакции."
„(16) Принос од казниво дело е секој имот или корист прибавена посредно или непосредно со извршување на казниво дело, како и принос од казниво дело сторено во странство, под услов во времето кога било сторено да било предвидено како казниво дело и според законите на државата во која е сторено и според законите на Република Македонија."
Ставовите (15), (16), (17), (18) и (19) стануваат ставови (17), (18), (19), (20) и (21).
По ставот (20) кој станува став (22) се додава нов став (23) кој гласи:
„(23) Под повеќе лица се подразбираат најмалку три  или повеќе лица кои се здружиле за вршење на кривични дела."
По ставот (21) кој станува став (24) се додава нов став (25), кој гласи:

„(25) Под семејство се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето живее во семејна заедница.“
Ставовите (22), (23), (24), (25), (26), (27), (28), (29), (30), (31), (32) и (33) стануваат ставови (26), (27), (28), (29), (30), (31), (32), (33), (34), (35), (36) и (37).
По ставот (37) се додаваат нови ставови (38) и (39) кои гласат:
„(38) Под имот се подразбира пари или други инструменти за плаќање, хартии од вредност, депозити, друга сопственост од секаков вид и тоа материјална или нематеријална, движна или недвижна, други права врз предметите, побарувања, како и јавни исправи и легални документи за сопственост и актива во пишан или во електронски облик или инструменти со кои се докажува правото на сопственост или интерес во таквиот имот.
(39) Под предмети се подразбираат движни и недвижни предмети кои се целосно или делумно искористени или требало да бидат искористени или настанале со извршување на кривично дело.“

Член 20

Во членовите 137 став (3), 138 став (3), 148 став (2), 149 став (5), 157 став (6), 157 – б став (3), 157 – в став (3), 162 став (3), 166 став (2), 167 став (2), 170 став (3), 171 став (2), 204 став 4, 206 став (2), 212 став (3), 213 став (3), 215 став (5), 218 став (5), 219 став (4), 220 став (4), 222 став (5), 223 став (4), 225 став (3), 226 став (5), 230 став (5), 231 став (6), 232 став (3), 248 став (2), 249 став (2), 250 став (4), 254 став (2), 255 став (2), 256 став (4), 257 став (4), 264 став (3), 266 став (2), 273 став (12), 274 став (5), 275 став (5), 276 став (2), 277 став (3), 278 став (6), 278 –а став (5), 278 – б став (3), 279 став (1), 280 став (3), 284 став (3), 288 став (5), 289 став (3), 358 став (1), 377 став (6), 378 став (4), 380 став (2), 396 –а став (2), 418 – а став (5), 418 – г став (6) зборовите „од став 1“ се заменуваат со зборовите „од овој член“.

Член 21

Во член 142 во ставот (1) зборовите „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите „од три до осум години.“
Во ставот (2) зборовите „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите „најмалку четири години.“

Член 22

Во членот 143 зборовите „од шест месеци до пет години“ се заменуваат со зборовите „од една до пет години.“

Член 23

Во член 144 во ставот (5) бројот (4) се заменува со бројот (1).

Член 24

Во член 149-а по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставот (3) станува став (4).

Член 25

Во член 150 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставот (3) станува став (4).

Член 26

Во член 151 по ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:
„(6) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставот (6) станува став (7).

Член 27

Во член 152 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставот (3) станува став (4).

Член 28

Во член 153 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставот (3) станува став (4).

Член 29

Во член 156 пред зборот „Тој “ се додава бројот „(1)“.
По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 30

Во член 157 – а во ставот (5) зборовите „од ставовите 1 и 3“ се заменуваат со зворовите „од овој член“.

Член 31

Во член 159 ставот (3) се брише.

Член 32

Во член 160 ставот (3) се брише.

Член 33

Во член 161 ставот (3) се брише.

Член 34

Во член 162 во ставот (1) зборовите „друга лична корист“ се заменуваат со зборовите „друга корист“.
По членот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако користа е од помала вредност, сторителот
ќе се казни со парична казна
или со затвор до една година.“
Ставот (3) станува став (4).

Член 35

Во насловот на членот 164 зборовите „изборни исправи“ се заменуваат со зборовите „изборен материјал.“

Член 36

Во член 164 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако делото е сторено од група, со употреба на оружје или насилство, сторителот
ќе се казни со затвор
од најмалку пет години.“

Член 37

Во член 165 –а во ставот (1) пред зборот „Организатор “ се додава бројот (1).
По ставот (1) се додаваат четири нови ставови (2), (3),(4) и (5) кои гласат:
„(2) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни одговорно лице во правно лице кое со непријавување на донации и други средства за финансирање на изборна кампања, со спречување на надзорот над финансирањето или помагањето на друг начин на изборна кампања, со неподнесување на финансиски извештај или

со давање на лажни или непотполни податоци за дадени донации и други средства, со пречекорување на законските ограничувања на средства дозволени за изборна кампања, со обезбедување на недозволени средства за изборна кампања, со исплати спротивни на намената за финансирање на кампањата или на друг начин го злоупотреби своето овластување определено со закон.

(3) Тој што спротивно на ограничувањата определени со закон тајно ќе донира за туѓа изборна кампања или кампања за избори во кои самиот учествува со износ кој во поголема вредност го надминува законскиот максимум,

ќе се казни со парична казна
или затвор до три години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Незаконски обезбедените средства се конфискуваат.“

Член 38

По членот 165 - а се додава нов наслов и нов член 165 – б кои гласат:

„Задолжително изрекување на казната
забрана за вршење на професија, дејност или должност

Член 165 - б

За кривичните дела од член 158 до 165 -а од овој законик судот ќе му изрече на сторителот забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од член 38-б од Овој законик.“

Член 39

Во член 172 во ставот (2) зборовите „тешки последици за оштетениот“ се заменуваат со зборовите „тешки последици по животот и здравјето на оштетениот или нему блиско лице“.

Член 40

Во член 173 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Тој што друг јавно ќе изложи на подбив по пат на компјутерски систем поради неговата припадност на група која се разликува според расата, бојата на кожата, национална припадност или етничко потекло, или ќе ја изложи на подбив групата на лица која се одликува со некоја од тие особености,

ќе се казни со парична казна или
со затвор до една година.“

Член 41

Во член 174 во ставот (2) зборовите „тешки последици за оштетениот“ се заменуваат со зборовите „тешки последици по животот и здравјето на оштетениот или нему блиско лице.“

Член 42

Во член 176 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) Во случаите од став (1) на овој член нема да се казни за клевета тој што известува за нешто што е јавно соопштено од друг, како и тој на кого му е оневозможено остварувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер спротивно на прописите за слободен пристап до информациите, на кое се повикува во својата одбрана.“
Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 43

Во член 188 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:
„(5) На сторителот на делото од став (2) на овој член судот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од член 38-б од Овој законик.“

Член 44

Во членот 189 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) На сторителот на делото од став (2) судот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од член 38-б од Овој законик.“

Член 45

Во членот 191 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:
„(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставот (5) станува став (6).

Член 46

Во членот 192 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 47

Во член 193 во ставот (3) по зборовите “или за порнографска претстава“ се додаваат зборовите “како и тој што учествува во претставата“.
По ставот (3) се додаваат три нови ставови (4), (5) и (6) кои гласат:

„(4) Тој што ќе присили малолетно лице на изработување и снимање слики или други предмети со порнографска содржина или за порнографска претстава,

ќе се казни со казна затвор
од три до осум години.

(5) Ако делото од став (4) на овој член е сторено врз малолетник кој не наполнил 14 години, сторителот

ќе се казни со казна затвор
најмалку четири години.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна."

Ставот (4) кој станува став (7) се менува и гласи :

„(7) Предметите од ставовите (1), (2), (3) и (4) ќе се одземат".

Член 48

Насловот на членот и членот 193 – а се менуваат и гласат:

„Производство и дистрибуција на детска порнографија

Член 193 - а

(1) Тој што произведува детска порнографија со цел за нејзина дистрибуција или ја пренесува или ја нуди или на друг начин ја прави достапна детската порнографија,

ќе се казни со затвор
од една до пет години.

(2) Тој што набавува детска порнографија за себе или за друг или поседува детска порнографија,

ќе се казни со затвор
од една до три години.

(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено преку компјутерски систем или друго средство за масовна комуникација, сторителот

ќе се казни со затвор
од три до осум години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна."

Член 49

По членот 193-а се додаваат нов наслов и нов член 193-б кои гласат:

„Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник
кој не наполнил 14 години

Член 193 -б

(1)Тој што преку компјутерско-комуникациски средства со закажување средба или на друг начин намамува малолетник кој не наполнил 14 години на обљуба или

друго полово дејствие или на производство на детска порнографија и ако со таквата намера е остварена непосредна средба со малолетникот,

ќе се казни со затвор
од една до пет години.“

Член 50

Во член 194 во ставот (2) зборот „не“ се брише.

Член 51

Во член 205 по ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:
„(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 52

Во член 211 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставот (3) станува став (4).

Член 53

Во член 214 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:
„(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 54

Во член 215 во ставот (1) зборовите „една до десет години“ се заменуваат со зборовите „од три до десет години.“
По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) Ако делото од став (1) на овој член е сторено со наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од помало количество, сторителот

ќе се казни со затвор
од шест месеци до три години.“

Ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4), (5), (6) и (7).

Член 55

Во член 216 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставот (3) станува став (4).

Член 56

Во член 218 ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Службено или одговорно лице во правно лице кое со непридржување кон прописите за заштита на животната средина ќе пропушти да постави уреди за пречистување или ќе дозволи изградба, пуштање во дејство или користење на погон кој ја загадува животната средина или на друг начин ќе пропушти преземање мерки за спречување или оневозможување на загадување на воздух, почва, вода, водна површина или водотек кое ја надминува дозволената граница или за спречување бучава што значително ја надминува дозволената граница и со тоа ќе предизвика опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на животинскиот и растителниот свет во поголеми размери,

ќе се казни со казна затвор
најмалку пет години.“

Во ставот (4) зборовите „од ставовите 1 и 2“ се бришат.

Член 57

По членот 225 се додава нов наслов и нов член 225 – а кои гласат:

„Незаконита експлоатација на минерални суровини

Член 225 – а

(1)Тој што врши експлоатација на минерални суровини определени со закон без концесија или дозвола за истото,

ќе се казни со затвор
шест месеци до три години и со парична казна

(2) Ако поради делото од став (1) на овој член се стекне корист или настапи штета од големи размери, сторителот

ќе се казни со затвор
од три до осум години.

(3)Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.
(4) Предметите кои се направени или употребени за извршување на кривичното дело ќе се одземат.“

Член 58

Во член 227 во ставот (1) зборовите „поголеми размери„ се заменуваат со зборовите „големи размери“.

Член 59

Во член 229 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставот (4) станува став (5).

Член 60

Во член 230 во ставот (3) зборовите „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите „од четири до десет години.“

Член 61

Во член 231 во ставот (2) зборовите „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите „најмалку три години.“

Член 62

Во член 232 во ставот (1) зборовите „шест месеци до пет години“ се заменуваат со зборовите „од една до десет години.“
Во ставот (2) зборовите „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите „најмалку три години“.

Член 63

Во член 234 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:
„(1) Ако поради делата од член 218 ставовите (1) и (2), 219 став (1), 230 ставовите (1) и (2) и 232 ставовите (1) и (2) настапи тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на повеќе лица, сторителот

ќе се казни со затвор
од една до десет години.

(2) Ако поради делата од член 218 став (3), 219 став (3) и 230 став (3) настапи смрт на едно или повеќе лица или промените од загадувањето не можат долго време да се отстранат, сторителот

ќе се казни со затвор
од најмалку четири години.“

Во ставот (3) по зборовите „222 став 1“ се додаваат зборовите „и 225 – а ставовите (1) и (2)“.

Член 64

Во член 235 ставовите (3) (4) и (5) се менуваат и гласат:
„(3) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни и сторителот што ќе одземе од туѓа шума дрвја чие количество е поголемо од еден кубен метар со намера за противправно присвојување.
(4) Обидот од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е казнив.

(3) Гонењето за делото од став (2) на овој член се презема по приватна тужба.

Член 65

Во член 236 став (1) точката 6) се менува и гласи:
„6) за искористување на немоќта или несреќата на друг,
ако предметите се од поголема вредност, сторителот
ќе се казни со затвор
од една до пет години
а, ако предметите се од значителна вредност, сторителот
ќе се казни со затвор
од една до десет години“.
Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) За кражба на предмети со вредност од големи размери, сторителот
ќе се казни со затвор
од една до десет години.“
Ставот (3) се менува и гласи:
„(3) Ако украдениот предмет е добро под привремена заштита, културно наследство, природна реткост или уред или друг предмет од посебно значење за сигурноста на луѓето и имотот и сигурноста на јавниот сообраќај или објект на јавни инсталации, сторителот
ќе се казни со затвор
најмалку четири години.“
Во ставот (4) зборот „мала“ се заменува со зборот „помала“.

Член 66

Во член 237 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако вредноста на одземениот предмет е помала, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.“
Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 67

Во член 238 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако вредноста на одземениот предмет е помала, сторителот
ќе се казни со затвор
од една до пет години.“
Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 68

Во член 244 – а во ставот (1)„зборовите „најмалку четири години“ се заменуваат со зборовите „од три до осум години.“
Во ставот (2) зборовите „од три до осум години“ се заменуваат со зборовите „најмалку четири години.“
Во став (5) зборовите „од ставовите 1, 2 и 3“ се заменуваат со зборовите „од овој член“.

Член 69

Во член 247 по ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:
„(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставот (7) станува став (8).

Член 70

По член 249 се додаваат нов наслов и нов член 249 – а кои гласат:

„Измама на штета на средства на Европската заедница

Член 249 – а

„(1) Тој што со употреба или прикажување на лажни, неточни и непотполни изјави или исправи или пропуштање на давање податоци противправно присвои, задржи или предизвика штета на средствата на Европската заедница, средства со кои управува Европската заедница или се управува во нивно име,

ќе се казни со затвор
од шест месеци до пет години.

(2) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни тој што средствата од став (1) на овој член ги искористил спротивно на одобрената намена.
(3) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни тој што со употреба или прикажување на лажни, неточни и непотполни изјави или исправи или пропуштање на давање податоци, противправно ќе ги намали средствата на Европската заедница, средствата со кои управува Европската заедница или се управува во нивно име.
(4) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.“

Член 71

Во член 251 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни тој што неовластено ќе пресретне, со употреба на технички средства, пренос на компјутерски податоци кој нема јавен карактер до, од и внатре во одреден компјутерски систем, вклучувајќи

и електромагнетни емисии од компјутерски систем кој подджува такви компјутерски податоци.
Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите „ставовите 1 и 2“ се заменуваат со зборовите „ставовите (1), (2) и (3) на овој член“.
Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите „ставовите 1 и 2“ се заменуваат со зборовите „ставовите (1), (2) и (3) на овој член“.
Ставот (5) станува став (6)
Ставот (6) кој станува став (7) се менува и гласи:
„(6) Тој што неовластено изработува, набавува, продава, држи или прави достапни на друг посебни направи, средства, компјутерска лозинка, код за пристап и сличен податок со кој целината или дел од компјутерскиот систем се оспособува за пристап, компјутерски програми или компјутерски податоци наменети или погодни за извршување на делата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член,

ќе се казни со парична казна или

со затвор до една година.“

Ставот (7) станува став (8).
По ставот (8) се додава нов став (9) кој гласи:
„(9) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставот (8) станува став (10).

Член 72

Во член 251-а по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:
„(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 73

Во член 251-б во ставот (1) по зборовите „вистинити податоци“ се додаваат зборовите „со менување, бришење или прикривање на компјутерски податоци.“
По ставот (7) се додава нов став (8) кој гласи:
„(8) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставовите (8) и (9) стануваат ставови (9) и (10).

Член 74

Во член 261 во ставот (1) по зборот „предмет“ се додаваат зборовите „или имот“.
Во ставот (2) по зборот „предметот“ се додаваат зборовите „или имотот“.
Во ставот (3) по зборовите „на предметот“ се додаваат зборовите „или имотот“, а по зборовите „или предмет“ се додаваат зборовите „или имот“.
По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:
„(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“
Ставот (4) станува став (5).

Член 75

Во член 264 во ставот (1) зборовите „парична казна или затвор до три години“ се заменуваат со зборовите „парична казна или затвор од шест месеци до три години.“

Член 76

Во член 265 бројот (1) пред ставот (1) се брише.
Ставот (2) се брише.

Член 77

Во член 266 во ставот (1) зборовите „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите „од три до десет години.“

Член 78

Во членот 266 –а зборовите „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите „од три до десет години.“

Член 79

Во членот 266 –б зборовите „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите „од три до десет години.“

Член 80

Во членот 267 зборовите „парична казна или со затвор до три години“ се заменуваат со зборовите „парична казна или со затвор од една до три години.“

Член 81

Во член 271 ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Тој што неовластено изработува, набавува, држи, продава или дава на употреба инструменти, предмети, компјутерски програми и други сигурносни заштити или компоненти кои служат за заштита против фалсификување, како и средства за неовластено прибавување на банкарски податоци, заради правење лажни пари или преправање на вистински пари или, други инструменти за плаќање, хартии од вредност или лажни платежни картички

ќе се казни со затвор
од три до десет години.“

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Со казната од став (2) на овој член ќе се казни тој што средствата за изработување на лажни платежни картички неовластено ќе ги монтира на банкарските уреди или ќе ги употреби на друг начин со намера за прибавување на

банкарски податоци од вистински платежни картички и податоци за носителите на таквите картички.“
Ставот (3) станува став (4).

Член 82

По членот 271 се додава нов наслов и нов член 271- а кои гласат:

„Посебни случаи на фалсификување
на пари, хартии од вредност или знаци за вредност

Член 271 – а

(1) За дело на фалсификување на пари, хартии од вредност или знаци за вредност ќе се казни согласно членовите 268, 269 и 270 од овој законик и:
   1) тој што ќе направи пари, хартии од вредност или знаци од вредност, спротивно на одлуката на надлежен орган за нивниот вид, количина или други карактеристики;
   2) тој што спротивно на посебно овластување од надлежен орган за повлекување од оптек или уништување, ќе остави во оптек пари, хартии од вредност или знаци од вредност.
(2) За делото од овој член правното лице ќе се казни со парична казна.

Член 83

Во членот 273 ставот (1) се менува и гласи:
„(1) Тој што ќе пушти во оптек или промет, прими, преземе, замени или раситни пари или друг имот што го прибавил со казниво дело или за кој знае дека е прибавен со казниво дело, или со претворање, промена, пренос или на друг начин ќе прикрие дека потекнува од таков извор или ќе ја прикрие неговата локација, движење или сопственост,
ќе се казни со затвор
од една до десет години.“
Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни и тој што поседува или употребува имот или предмети за кои знае дека се прибавени со извршување на казниво дело или со фалсификување на исправи, непријавување на факти или на друг начин ќе прикрие дека потекнуваат од таков извор, или ќе ја прикрие нивната локација, движење и сопственост.“
Во ставот (4) зборовите „другата имотна корист или предмети“ се заменуваат со зборовите „други приноси од казниво дело.“
Во ставот (5) зборовите „имотна корист“се заменуваат со зборовите „други приноси од казниво дело.“
Ставот (6) се менува и гласи:

„(6) Службено лице, одговорно лице во банка, осигурително друштво, друштво што се занимава со приредување игри на среќа, менувачница, берза или друга финансиска институција, адвокат, освен кога постапува како бранител, нотар или друго лице кое врши јавни овластувања или работи од јавен интерес, што ќе овозможи или ќе дозволи трансакција или деловен однос, спротивно на неговата законска должност или ке изврши трансакција спротивно на забраната изречена од надлежен орган или привремена мерка одредена од суд или нема да го пријави перењето пари, имот или имотна корист, за кое дознало во вршењето на својата функција или должност,

ќе се казни со затвор
најмалку пет години.“

По ставот (6) се додаваат пет нови става (7), (8),(9), (10) и (11) кои гласат:

„(7) Службено, одговорно лице во банка или друга финансиска институција, или лице кое врши работи од јавен интерес, кое според закон е овластен субјект за примена на мерки и дејствија за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, кое неовластено ќе открие на клиент или на неповикано лице податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејствија за спречување на перење пари,

ќе се казни со затвор со затвор
од три месеци до пет години.

(8) Ако делото е сторено од користољубие или заради користење на податоци во странство,

сторителот ќе се казни со затвор
најмалку една година.

(9) Ако делото од став (7) на овој член е сторено од небрежност,

сторителот ќе се казни со парична казна
или со затвор до три години.

(10) Ако постојат фактички или правни пречки за утврдување на претходното казниво дело и гонење на неговиот сторител, постоењето на такво дело се утврдува врз основа на фактичките околности на случајот и постоењето на основано сомнение дека имотот е прибавен со такво дело.

(11) Знаењето на сторителот, односно должноста и можноста да знае дека имотот е прибавен со казниво дело можат да бидат утврдени врз основа на објективните фактички околности на случајот.“

Ставот (7) станува став (12).

Ставот (8) кој станува став (13) се менува и гласи:

„(13) Приносот од казнивото дело се одзема, а ако одземањето не е можно од сторителот ќе се одземе друг имот што одговара на неговата вредност.“

Член 84

Во насловот на членот 274 зборот „кредитна“ се заменува со зборот „платежна.“

Член 85

Во член 274 во ставот (2) зборот „кредитна“ се заменува со зборот „платежна.“

Член 86

По членот 274-а се додава нов наслов и нов член 274 - б кои гласат :

„Изработка и употреба на лажна платежна картичка

Член 274-б

(1) Тој што ќе направи лажна платежна картичка со намера да ја употреби како вистинска, или прибавува лажна картичка со таква намера, или ќе му ја даде на друг на употреба или тој што лажната картичка ќе ја употреби како вистинска,
ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години
и со парична казна.
(2) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни и тој што прибавува банкарски податоци од вистински платежни картички и податоци за носители на тие платежни картички со намера да ги искористи за изработка и употреба на лажна платежна картичка или вака прибавените податоци ги дава на друг со таква намера.
(3) Ако сторителот од став (1) на овој член се стекне со поголема имотна корист,
ќе се казни со затвор
од една до осум години.
(4) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од член на група, банда или друго злосторничко здружение, сторителот
ќе се казни со затвор
најмалку четири години.
(5) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.“

Член 87

Во член 275 ставот (3) се менува и гласи:
„(3) Одговорно лице во правно лице, лице со посебни овластувања, друг вработен во правното лице, акционерите или содружниците во правното лице или надворешен соработник на правното лице што има пристап до внатрешни информации, кое во своето работење ќе се стекне со доверливи информации или други внатрешни информации од значење за работењето на правното лице и вредноста на хартиите од вредност или уделите и нив неовластено самиот ќе ги искористи или ќе ги пренесе на трето лице кое врз основа на тие информации со купување или продавање на хартии од вредност или уделите на правното лице или се обелоденуваат други невистинити податоци и ќе прибави за себе или за друг поголема имотна корист,
ќе се казни со затвор
од една до пет години.“
По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Тој што на пазарот на хартии од вредност ќе склучи трансакција или ќе даде налог за тргување кој содржи невистинити податоци за понудата, побарувачката или цената на хартиите од вредност, ќе даде невистинити информации или ќе пропушти да даде неопходни информации кои се однесуваат на цената на хартиите од вредност или со друго измамничко дејствие ќе предизвика заблуда кај продавачите или купувачите на хартии од вредност,

ќе се казни со парична казна
или со затвор до три години.“

Во ставот (4) кој станува став (5) по зборовите „се оштетени поголем број лица“ се додаваат зборовите „или предизвикал нарушување  или растројство на пазарот на хартии од вредност“.

Ставот (5) станува став (6).

По ставот (6) се додава нов став (7)

„(7) Судот на сторителот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со член 38 – б од Овој законик.“

## Член 88

По членот 275 се додаваат три нови наслови и три нови члена 275 – а, 275 – б и 275 - в кои гласат:

„Повреда на правата од хартии од вредност

Член 275 – а

(1) Одговорно лице во правно лице, друг вработен во правното лице, акционер или содружник или лице овластено од одговорното лице кое попречува сопственик на хартии од вредност во остварувањето на правата од хартии од вредност или врши повреда на правата од хартии од вредност,

ќе се казни со парична казна
и затвор до три години.

(2) Ако делото од став (1) на овој член е сторено спрема две или повеќе лица, сторителот

ќе се казни со парична казна
и затвор од една до пет години.“

Незаконито постапување на овластен ревизор

Член 275-б

(1) Овластен ревизор кој потпишал неточен или некомплетен финансиски извештај, односно финансиски извештај што предизвикува заблуда или кој е во спротивност со меѓународните стандарди за финансиско известување и меѓународните стандарди за ревизија на издавач на хартии од вредност кои се

тргуваат на овластена берза и со тие активности довел определено лице да претрпи штета или оствари имотна корист преку влијание на обемот на тргување или цената на хартијата од вредност на издавачот на начин што се зголемува или намалува цената на хартиите од вредност и ги наведува инвеститорите да ги купуваат или продаваат хартиите од вредност или се предизвикува привид на активно тргување со хартии од вредност за да се наведат инвеститорите да купуваат односно продаваат хартии од вредност,

ќе се казни со парична казна
и затвор до пет години.

(2) Ако делото е сторено спрема повеќе лица, сторителот

ќе се казни со парична казна
и затвор од една до пет години.

(3) Ако со делото од ставовите (1) и (2) на овој член сторителот прибавил за себе или за друг поголема имотна корист или за друг предизвикал поголема имотна штета, или се оштетени поголем број лица,

ќе се казни со затвор
од една до десет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Судот на сторителот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со член 38 – б од Овој законик.

Злоупотреба на постапката за јавен повик,
доделување на договор за јавна набавка или јавно – приватно партнерство

Член 275 – в

(1) Тој што свесно ќе ги повреди прописите за постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно – приватно партнерство со поднесување невистинита документација, со договарање со други можни учесници заради изигрување на постапката за доделување на договори за јавна набавка, со неизвршување на обврските од договорот со намера истиот да се изигра или на друг начин намерно ќе ги повреди правилата на таа постапка и со тоа за себе или за друг ќе оствари поголема имотна корист, или ќе предизвика поголема штета, ако не се исполнети обележјата на друго потешко дело,

ќе се казни со парична казна
или со затвор до три години.

(2) Ако сторителот со извршување на делото од став (1) на овој член остварил за себе или за друг значителна имотна корист или предизвикал значителна штета,

ќе се казни со затвор
од најмалку четири години.

(3) Ако сторителот со извршување на делото од став (1) на овој член остварил за себе или за друг имотна корист од поголеми размери или предизвикал штета од поголеми размери,

ќе се казни со затвор
од најмалку пет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.
(5) Обидот на делото од став (1) на овој член е казнив.
(6) Судот ќе му изрече на сторителот од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од член 38 – б од Овој законик.
(6) Со паричната казна, судот ќе му изрече на правното лице и забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка.“

Член 89

Во член 278 ставот (1) се менува и гласи:
„(1) Тој што се занимава со пренесување непријавени стоки или стоки различни од декларираните или пријавените преку царинска линија, избегнувајќи ја царинската контрола, или тој што избегнувајќи ја царинската контрола ќе пренесе непријавена или стока различна од декларираната или пријавената од поголема вредност,
ќе се казни со парична казна или
со затвор до четири години.“
По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако стоката е од големи размери, сторителот
ќе се казни со парична казна и
со затвор најмалку четири години.“
Во ставот (3) кој станува став (4) по зборот “друго“ се додава зборот “злосторничко“.
Ставовите (4), (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (5), (6), (7), (8) и (9).

Член 90

Во член 278 - а по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) Ако износот на давачките и даноците кои се плаќаат при увоз или извоз е од значителна вредност сторителот
ќе се казни со затвор
од една до десет години.“
Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

Член 91

Во член 279 во ставот (1) по зборовите „ дава лажни податоци за своите приходи“ се додаваат зборовите „или за приходите на правното лице.“

Член 92

Во член 280 во ставот (1) по зборовите „деловна исправа“ се додаваат зборовите „трговска книга, финансиски извештај.“
Во ставот (2) по зборовите „невистинита деловна исправа“ се додаваат зборовите „трговска книга, финансиски извештај“

Член 93

Во член 281 во ставот (3) зборовите „или ако сторителот примил поткуп“ се бришат.

Член 94

Насловот на членот 283 се менува и гласи: „Спречување, ограничување или нарушување на конкуренција“.

Член 95

Во член 283 ставот (1) се менува и гласи:
„(1) Одговорно лице во правно лице кое ќе склучи договор или ќе учествува во склучување на договор, одлука или договорена практика, забранети со закон, кои имаат за цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, па поради тоа правното лице ќе се здобие со имотна корист од големи размери или ќе предизвика штета од големи размери,
ќе се казни со затвор
од една до десет години.“
Ставот (2) се брише.

Член 96

Во член 284 ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Ако сторителот на делото од став (1) на овој член се здобил со имотна корист од големи размери или предизвикал штета од големи размери,
ќе се казни со затвор
од една до десет години.“

Член 97

Насловот на членот и членот 285 се менуваат и гласат:

„ Повреда на права од индустриска сопственост и неовластена употреба на туѓа фирма

Член 285

(1) Тој што спротивно на прописите за индустриска сопственост со намера да измами купувачи или корисници на услуги ќе повреди туѓа заштитена трговска марка, туѓ заштитен индустриски дизајн, туѓа заштитена ознака на потеклото на производот и географска ознака,

ќе се казни со парична казна
или со казна затвор до три години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што со намера да измами купувачи неовластено ќе произведе, пушти во промет, увезе, извезе, понуди на продажба или складишти производи што се предмет на заштита на правата од став (1) на овој член.

(3) Тој што неовластено ќе употреби туѓа фирма или неовластено ќе внесе во својата фирма обележја од правата од став (1) на овој член,

ќе се казни со парична казна
или со затвор до три години.

(4) Тој што со делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член прибавил значителна имотна корист или предизвикал значителна имотна штета,

ќе се казни со затвор од една до пет години
и парична казна.

(5) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од организирана група или со делото е предизвикана опасност за животот и здравјето на луѓето, сторителот

ќе се казни со затвор
од најмалку три години.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(7) Предметите што се направени или употребени за извршување на кривичното дело ќе се одземат.

Член 98

Насловот на членот и членот 286 се менуваат и гласат:

„Повреда на правото од пријавен или заштитен пронајдок
и топографија на интегрални кола

Член 286

(1) Тој што со намера да оштети друг или да прибави противправна имотна корист неовластено ќе поднесе пријава на патент или во пријавата нема да го наведе или лажно ќе го наведе пронаоѓачот или ќе ја направи достапна на јавноста суштината на пронајдокот пред тој да биде објавен на начин утврден со закон,

ќе се казни со парична казна
или со затвор до три години.

(2) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни и тој што со намера да оштети друг или да прибави противправна имотна корист неовластено ќе произведе, пушти во промет, увезе, извезе, понуди на продажба, складишти или користи производ или постапка која е предмет на заштита со патент или неовластено ќе употреби, репродуцира, увезе, извезе или дистрибуира заштитена топографија на интегрално коло или софтвер.

(3) Тој што со делото од ставовите (1) и (2) на овој член прибавил значителна имотна корист или предизвикал значителна имотна штета,

ќе се казни со затвор од една до пет години
и парична казна.

(4) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено од организирана група или со делото е предизвикана опасност за животот и здравјето на луѓето,

сторителот ќе се казни со парична казна
или со затвор од најмалку три години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.
(6) Предметите кои се направени или употребени за извршување на кривичното дело ќе се одземат.“

Член 99

Во член 295 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 100

Во член 353 во ставот (3) зборовите „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите „најмалку три години.“
Во ставот (5) зборовите „од став 1“ се заменуваат со зборовите „од ставовите (1) и (4)“, а зборовите „најмалку четири години“ се заменуваат со зборовите „најмалку пет години“.

Член 101

Во член 353 - в во ставот (3) зборовите „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите „најмалку три години.“

Член 102

Во член 354 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:
„(5) Со казната од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице кое има претставништво во Република Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност, определено со закон.“

Член 103

Во член 357 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:
„(1) Службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или

за друг за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши,

ќе се казни со затвор од
четири до десет години.

(2) Службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг, за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејствие што би морало да го изврши, или да не изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши,

ќе се казни со затвор од
една до пет години.“

По ставот (3) се додаваат два нови ставови (4) и (5) кои гласат:

„(4) Ако со делото е прибавена поголема имотна корист, сторителот

ќе се казни со затвор
најмалку четири години.

(5) Ако со делото е прибавена значителна имотна корист, сторителот

ќе се казни со затвор
најмалку пет години.“

Ставот (4) кој станува став (6) се менува и гласи:

„(6) Со казна од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се казни и одговорно лице кое врши работи од јавен интерес, одговорно лице во странско правно лице, како и странско службено лице ако делото е извршено со повреда на неговите овластувања, во врска со стекнување, остварување или одземање права утврдени со закон или заради стекнување корист или нанесување штета на друг.“

Ставот (5) станува став (7).

Член 104

Во член 358 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Тој што директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши или тој што посредува при ова,

ќе се казни со затвор
од една до пет години.

(2) Тој што директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејствие што би морало да го изврши или да не изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или тој што посредува при ова,

ќе се казни со парична казна или
со затвор до три години.“

Член 105

Во член 359 став (4) зборовите „на штета на Република Македонија, нејзин“ се бришат.
По ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:
„(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 106

Насловот на членот и членот 359-а се менуваат и гласат:

„ Противправно стекнување и прикривање имот

Член 359-а

(1) Службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, кое спротивно на законската должност за пријавување на имотната состојба или нејзина промена ќе даде лажни или непотполни податоци за својот имот или имотот на членовите на неговото семејство, кој во значителна вредност ги надминува неговите законски приходи,

ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години
и со парична казна.

(2) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал кое, кога во законски уредена постапка ќе се утврди дека за време на вршењето на функцијата или должноста тоа или член на неговото семејство се стекнал со имот што во значителна вредност ги надминува неговите законски приходи, дава лажни податоци или ги прикрива неговите вистински извори.

(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено во однос на имот кој во големи размери ги надминува неговите законски приходи, сторителот

ќе се казни со затвор од една до осум години
и со парична казна.

(4) За делата од ставовите (2) и (3) на овој член сторителот нема да се казни ако во постапката пред судот даде прифатливо објаснување за потеклото на имотот.

(5) Имотот кој ги надминува приходите што сторителот законски ги остварува и за кои дал лажни или непотполни податоци или не дава податоци или ги прикрива неговите вистински извори се конфискува, а ако неговото конфискување не е можно од сторителот се конфискува негов друг имот што одговара на неговата вредност.

(6) Имотот од ставот (5) на овој член се конфискува и од членовите на семејството на сторителот за кои е остварен или врз кои е пренесен ако е очигледно дека не дале противнадоместок што одговара на неговата вредност, како и од трети лица

ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на нивната вредност.“

Член 107

По членот 362 се додаваат два нови наслови и два нови членови 362 – а и 362 - б кои гласат:

„Гонење за кривичните дела против службената должност

Член 362 – а

За делата од членовите 357, 358 и 359 од овој законик сторени во странство од лице кое не е државјанин на Република Македонија, гонењето се презема по одобрение на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Задолжително изрекување на казната забрана за вршење на професија, дејност или должност

Член 362 - б

Под условите определени со член 38 – б од овој законик за кривичните дела од членовите 357, 358 и 359 судот на сторителот ќе му се изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од една до десет години.“

Член 108

Во член 364 став 2 по бројот „165“ се додава бројот „165-а,“.

Член 109

Во член 377 ставот (4) се менува и гласи:
„(4) Ако со делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се предизвикало потешка повреда на правата на друг или значителна имотна штета, сторителот
ќе се казни со затвор
од една до десет години.“

Член 110

Во член 379 пред зборот „Ќе“ се става бројот „(1)“.
По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 111

Во член 394 – б ставот (1) се менува и гласи:
„(1) Тој што ќе изврши едно или повеќе дела на убиство, телесно повредување, грабнување на лица, уништување на јавни објекти, транспортни системи, објекти на инфраструктура, компјутерски системи и други објекти во општа употреба, грабнување на авиони или други средства на јавен транспорт, производство, поседување, транспорт, трговија, набавка или примена со нуклеарно оружје, биолошки, хемиски оружја и други видови на оружја и опасни материи, како и истражувања во насока на развој на биолошко и хемиско оружје, пуштање на опасни радиоактивни, отровни и други опасни супстанции или предизвикување на пожар или експлозија, уништување на постројки за снабдување со вода, енергија или други основни природни извори, со намера за загрозување на животот и телото и создавање чувство на несигурност или страв кај граѓаните,

ќе се казни со затвор
најмалку десет години или со доживотен затвор.“

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) Тој што сериозно ќе се закани со извршување на делото од став (1) на овој член непосредно или посредно, со употреба на електронски средства или на друг начин, со намера за загрозување на животот и телото и создавање чувство на несигурност или страв кај граѓаните,

ќе се казни со затвор
најмалку осум години.“

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:
„(3) Тој што јавно повикува, со ширење или сторување на кој било друг начин достапна на јавноста порака, со намера за поттикнување на извршување на некое од дејствијата предвидени во став (1) на овој член, кога самото повикување создава опасност од извршување на такво дејствие,

ќе се казни со затвор
од четири до десет години.“

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:
„(4) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни и тој што ќе присили некого на извршување на делото од став (1) на овој член со сила или сериозна закана дека ќе го нападне неговиот живот и тело или животот и телото на нему блиски лица.“
Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (5) и (6).
По ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:
„(7) Тој што ќе стори дело на тешка кражба за да дојде до предмети за извршување на делото од ставот (1) на овој член,

ќе се казни со казна затвор
од најмалку четири години.

Во ставот (5) кој станува став (8) зборовите „од ставовите 2 и 4“ се бришат.
Ставот (6) станува став (9).

Член 112

Во член 394-в ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Тој што јавно повикува, со ширење или сторување на кој било друг начин достапна на јавноста порака, со намера за поттикнување на извршување на некое од дејствијата предвидени во став (1) на овој член, кога самото повикување создава опасност од извршување на такво дејствие,

ќе се казни со затвор
од четири до десет години.“

Во ставот (4) зборовите „најмалку четири години„ се заменуваат со зборовите „најмалку осум години“.
По ставот (6) се додаваат три нови става (7) (8) и (9) кои гласат:
(7) Службено лице, одговорно лице во банка или друга финансиска институција, или лице кое врши работи од јавен интерес, кое според закон е овластено за преземање на мерки и дејствија за спречување на финансирање на тероризам, што свесно ќе пропушти да ги преземе со закон предвидените мерки и со тоа ќе овозможи извршување на делото од став (1) на овој член,

ќе се казни со затвор
најмалку четири години.

(8) Со казната од став (7) на овој член ќе се казни службено лице што неовластено ќе открие на клиент или на неповикано лице податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејствија за финансирање на тероризмот.
(9) Ако делото од став (7) и (8) на овој член е сторено од небрежност,

сторителот ќе се казни со парична казна
или со затвор до три години.

Во ставот (7) кој станува став (10) зборовите „од ставовите 1, 2, 3 и 4“ се заменуваат со зборовите „од овој член“.
Ставот (8) станува став (11).“

Член 113

По членот 394 – в се додава нов наслов и нов член 394 - г кои гласат:

„Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем

Член 394 – г

(1) Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, како и верско уверување,

ќе се казни со затвор
од една до пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој којшто делото ќе го стори преку други средства за јавно информирање.

(3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери,

ќе се казни со затвор
од една до десет години.“

Член 114

Во член 395 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Тој што изработува, набавува, крие или на друг му овозможува да дојде до оружје, муниција, експлозивни или распрскувачки материи или средства потребни за нивно правење, отрови и други предмети за кои знаел дека се наменети за извршување кривично дело,

ќе се казни со затвор
од една до пет години.

(2) Ако предмет на делото од став (1) на овој член е огнено оружје, оружје чија употреба е забранета, или експлозивни или други материи од поголемо количество, сторителот

ќе се казни со затвор
од три до осум години.“

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Член 115

Во членот 396 ставот (1) зборовите „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите „од три до десет години.“

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(2) Ако делото од став (1) и (2) на овој член е сторено во група, банда или друго злосторничко здружение, сторителот

ќе се казни со затвор
најмалку осум години.“

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Член 116

Пред членот 396-а се додава наслов кој гласи: „Фалсификување на огнено оружје“.

Член 117

Во членот 418 – а ставот (6) се брише.

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:
„(3) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата,

ќе се казни со затвор
најмалку осум години.“

Ставот (7) станува став (6).

Член 118

Во член 418 – б по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:
„(5) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата,

ќе се казни со затвор
најмалку десет години.“

Ставот (5) станува став (6).

Член 119

Во член 418 – г по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:
„(5) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата,

ќе се казни со затвор
најмалку десет години.“

Ставовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (6), (7) и (8).

Член 120

Се овластува Законодавно – правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Кривичниот законик.

Член 121

Државните органи се должни во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги усогласат законите во кои се пропишани кривични дела со измените утврдени со овој закон.

Член 122

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува по истекот на шест месеци од денот на неговото влегување во сила, освен членовите 7 и 8 кои ќе отпочнат да се применуваат од 01 јануари 2011 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

### I. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик содржи 122 члена.

Со членот 1 се врши усогласување со принципот според кој меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок. Со оглед дека во современото живеење со меѓународните инструменти се пропишуваат кривични дела, измената во членот 1 е неопходна.

Со членот 2 се воведува нов член 6-а со кој се утврдува примената на Кривичниот законик спрема малолетници и помлади полнолетни лица и притоа, се врши усогласување со веќе донесениот Закон за малолетничка правда.

Во членовите 3 и 4 се врши измена на членот 28 – а и се додаваат нови членови 28 – б и 28 – в со што се утврдуваат општите услови за одговорност на правното лице согласно потребата за проширување на кругот на лицата кои одговараат во случај на кривично дело. Исто така, се врши утврдување на границите на одговорноста и одговорност во случај на стечај и промена на статусот на правното лице.

Со членот 5 се врши дополнување и прецизирање на одредбата од член 38 - б што се однесува на забраната на вршење професија, дејност или должност и со тоа, се утврдува можност за пропишување на задолжително изрекување на казната кога е изречена казна затвор од најмалку шест месеци.

Со членот 6 се дополнуваат општите одредби од член 39 од Кривичниот законик што се однесуваат на општите правила за одмерување на казната. Согласно современите тенденции и укажувањата на меѓународните организации, со новиот став се предвидува судот при одмерување на казната да ги земе во предвид околностите кога делото е сторено од омраза.

Со членовите 7 и 8 се врши дополнување на обврските кај заштитниот надзор од членовите 56 и 57 од Кривичниот законик согласно Националната стратегија за заштита од семејно насилство. Имено, утврдена е потребата за посетување на посебна програма за работа со насилници во случаите кога кривичните дела се извршени при вршење на семејно насилство и тоа во посебни советувалишта формирани за таа цел.

Со членот 9 се брише главата шеста и членовите од 70 до 96 од Кривичниот законик со што се врши усогласување со донесениот Закон за малолетничка правда.

Со членот 10 се предвидува менување на одредбите од целата глава на општиот дел на Кривичниот законик која се однесува на казнување на правните лица. Се менуваат членовите 96-а, 96-б, 96-в, 96-г, 96-д и 96-ѓ од Кривичниот законик, а со членот 11 од предложениот закон се додаваат осум нови наслови и осум нови членови: 96-е, 96-ж, 96-з, 96-ѕ, 96-и, 96-ј, 96-к и 96-л. Со предложените измени се дополнува кругот на споредните казни, се утврдуваат условите за нивно изрекување, одмерувањето на казната и условите за нивно ублажување, односно ослободување од казна, извршувањето на казната и условното одлагање на извршување, како и конфискацијата на имот и имотната корист и одземањето на предмети, а се утврдуваат и услови за застареност на кривичното гонење и застареност на извршувањето на казната.

Со членот 12 се врши техничка исправка која во практиката може да има суштинско значење. Имено, во постапката за донесување на Законот кога е регулирана материјата за конфискацијата направена е техничка грешка со користењето на сврзниците „и“ и „или“ која сега се исправа.

Во членот 13 од Предлогот се пополнува правната празнина која досега постоеше во нашето законодавство во однос на посредната имотна корист. Така, се додава нов член 97-а во кој се пропишува дека од сторителот на кривично дело покрај непосредната имотна корист ќе се конфискува и посредната имотна корист. Дефиницијата за посредна имотна корист е усогласена со Конвенцијата за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело.

Клучните решенија во членот 14 од Предлогот се однесуваат на конфискација од трети лица. Притоа, се предвидува дека имотната корист ќе биде конфискувана и од трети лица, како и од лица на кои им е пренесена ако е очигледно дека тие лица не дале противнадомест што одговара на вредноста на прибавената имотна корист, или пак ако третите лица не докажат дека за предметот или имотот дале противнадомест што одговара на вредноста на прибавената имотна корист.

Најзначајната новина во законот е воведувањето на т.н. проширена конфискација. Тоа е направено во членот 15 од Предлогот со пропишување на нов член 98-а. Притоа, целосно се имплементирани стандардите од Рамковна одлука на Советот 2005/212/ЈХА од 24 февруари 2005 година за конфискација на приход, средства и имот поврзан со криминал. Така, во новиот член 98-а се пропишани условите за проширена конфискација, односно случаите кога ќе се конфискува имот стекнат во определен временски период пред осудата што судот го определува според околностите на случајот. Прифаќајќи ги меѓународните стандарди прифатено е тој период да не биде подолг од 5 години пред

сторувањето на делото, кога основано може да се смета дека потекнува од тоа или слични дела и за кој сторителот не може да докаже дека е законски стекнат.

Исто така, овој член содржи и одредби за конфискација од трети лица, како и дека наведениот имот се конфискува и од членови на семејството или трети лица на кои е пренесен ако е очигледно дека не дале противнадомест што одговара на неговата вредност.

Во членот 16 се врши бришење во членот 104 од Кривичниот законик со што, се врши усогласување со донесениот Закон за малолетничка правда каде е регулирано бришењето на малолетничкиот затвор.

Со членот 17 се интервенира во членот 105 од Кривичниот законик и се предвидува судска рехабилитација на новите забрани кои се воведуваат за правните лица и протекот на време по кое судот може да одлучи истите да престанат.

Со членот 18 се дополнува членот 106 од Кривичниот законик заради усогласување со измените во главата која се однесува на казнување на правните лица, односно предложениот член 96 – г кој предвидува водење на казнена евиденција од страна на Централниот регистар на Република Македонија.

Во членот 19 се предвидени измените и дополнувањата на членот 122 каде е определено значењето на изразите употребени во Кривичниот законик. Измените се вршат согласно меѓународните инструменти, сугестиите на меѓународните организации и експерти и потребите кои произлегуваат од домашната пракса. На тој начин, се врши допрецизирање и дополнување на одредени поими, односно на „службено лице“, „странско службено лице,“ „хартија од вредност“. Исто така, се утврдува ново значење на поимот „пари.“ Се дефинираат поимите „платежни картички,“ „принос од казниво дело,“ „семејство,“ „повеќе лица,“ „имот“ и „предмети“.

Со членот 20 се заменуваат зборовите „од став 1“ во членовите од посебниот дел на Кривичниот законик со зборовите „од овој член“. Имено, со посочувањето на ставот 1 за одговорност на правните лица од практичарите беше протолкувано како амнестирање од одговорност за квалификуваните облици на кривичните дела. На овој начин, таму каде што е предвидена одговорност на правните лица, истите ќе одговараат за сите облици на сторените кривични дела.

Членовите 21 и 22 од Предлогот ја зголемуваат висината на казната кај кривичните дела „Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување“ (член 142 од КЗ) и „Малтретирање во вршење на службата“ (член 143 од КЗ) согласно укажувањата на меѓународните организации, односно Комитетот на ОН против тортура за преиспитување на висината на предвидената казна.

Со членот 23 се врши исправка во членот 144 со што се постигнува целта гонењето по кривичното дело „Загрозување на сигурноста“ да се презема по приватна тужба, а не истото да се однесува само на еден облик на делото.

Од извршените анализи за конкретни кривични дела беше утврдено дека потребно е проширување на кривичната одговорност на правните лица. Со членовите 24 – 29, 45 - 48, 51 – 53, 55, 57, 59, 69, 71 - 74, 86, 99, 105, 110 се воведува кривична одговорност на правните лица и тоа за следните кривични дела: Спречување на пристап кон јавен информатички систем (член 149-а од Кривичниот законик), Неовластено откривање тајна (член 150 од Кривичниот законик), Неовластено прислушкување и тонско снимање (член 151 од Кривичниот законик), Неовластено снимање(член 152 од Кривичниот законик), Повреда на правото на поднесување правно средство (член 153 од Кривичниот законик), Повреда на правото на штрајк (член 156 од Кривичниот законик), Посредување во вршење проституција (член 191 од Кривичниот законик), Подведување и овозможување полови дејствија (член 192 од Кривичниот законик), Прикажување на порнографски материјал на малолетник (член 193 од Кривичниот законик), Производство и дистрибуција на детска порнографија (член 193 – а од Кривичниот законик), Пренесување заразна болест (член 205 од Кривичниот законик), Несовесно вршење аптекарска дејност (член 211 од Кривичниот законик), Несовесно вршење преглед на месо за исхрана (член 214 од Кривичниот законик), Овозможување на употреба наркотични droги (член 216 од Кривичниот законик), Незаконите експлоатација на минерални суровини (член 225 – а од Кривичниот законик), Незаконит риболов (член 229 од Кривичниот законик), Измама (член 247 од Кривичниот законик), Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем (член 251 од Кривичниот законик), Правење и внесување на компјутерски вируси (член 251 - а од Кривичниот законик), Компјутерска измама (член 251 – б од Кривичниот законик), Прикривање (член 261 од Кривичниот законик), Изработка и употреба на лажна платежна картичка (член 274-б), Неовластено производство и промет со општоопасни материи (член 295 од Кривичниот законик), Противзаконско посредување (член 359 од Кривичниот законик), Посебни случаи на фалсификување исправи (член 379 од Кривичниот законик).

Со членот 30 се врши интервенција во членот 157 – а од Кривичниот законик согласно дикцијата во членот 20 од предложените измени и дополнувања заради одговорност на правните лица за сите облици на кривичните дела.

Со членовите 31 – 32 се бришат ставовите од членовите 159 – 161 од Кривичниот законик кои предвидуваа казнивост на обидот од причина што важи одредбата од член 19 на Општиот дел на Кривичниот законик за казнување за обид за кривично дело.

Со членот 34 се вршат измени на кривичното дело од член 162 од Кривичниот законик: „Поткуп при избори и гласање.“ Практиката покажува дека со дејствијата опфатени со Кривичниот законик не се обезбедува секогаш целосна казнено – правна заштита, односно како дејствие на сторување, треба да бидат

сите барања, примања, ветувања за било каква корист или погодност не само за гласачот, туку и за било кое нему блиско лице, односно член на негово семејство, како и било каква корист или погодност. Со оглед на фактот дека ветениот или примениот подарок или друга корист можат да бидат во различна вредност, градација е извршена со воведување на новиот став и предвидување поблага казна доколку е користа од помала вредност.

Со членовите 35 и 36 се врши терминолошко усогласување со Изборниот законик. Со оглед дека кривичното дело „Уништување на изборни исправи“ (член 164 од КЗ) често се врши од страна на група, со користење на оружје или насилство, се пропишува и квалифициран облик на делото со казна затвор од најмалку пет години.

Со членот 37 се воведува кривична одговорност на одговорните лица во правни лица кои ќе ги повредат одредбите за финансирање на изборните кампањи, како и на лицата кои тајно донираат во изборни кампањи над дозволениот законски максимум. Исто така, се предвидува одговорност на правните лица и конфискација на незаконски обезбедените средства.

Членот 38 од измените воведува нов член 165 – б во шеснаесеттата глава од Кривичниот законик која ги содржи кривичните дела против изборите и гласањето. Се предвидува задолжително изрекување на забрана за вршење на професија, дејност или должност на лицето осудено на казна затвор од најмалку шест месеци за кривичните дела против изборите и гласањето.

Членот 39 од измените врши допрецизирање на кривичното дело „Клевета“ (член 172 од Кривичниот законик) во смисла на утврдување на тоа што се подразбира под изразот „тешки последици.“

Членот 40 го менува кривичното дело „Навреда“ (член 173 од Кривичниот законик) согласно одредбите на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за компјутерски криминал кој се однесува на казнување на акти на расизам и ксенофобија сторени по пат на информатички систем.

Членот 41 ја следи дикцијата на членот 39 на начин што врши допрецизирање на кривичното дело „Изнесување лични и семејни прилики“ (член 174 од Кривичниот законик) во смисла на утврдување на тоа што се подразбира под изразот „тешки последици.“

Со членот 42 од измените се дополнува одредбата од член 176 од Кривичниот законик - „Неказнување за кривичните дела од член 172 до 175 и притоа, се утврдуваат условите за неказнување за дело на клевета.

Со членот 43 се дополнува кривичното дело „Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години“ од член 188 од Кривичниот законик на начин што се предвидува задолжително изрекување на забрана за вршење на професија,

дејност или должност на лицето осудено на казна затвор од најмалку шест месеци.

Со членот 44 се дополнува кривичното дело „Обљуба со злоупотреба на положбата“ од член 189 од Кривичниот законик на начин што се предвидува задолжително изрекување на забрана за вршење на професија, дејност или должност на лицето осудено на казна затвор од најмалку шест месеци.

Со членот 47 се вршат измени на кривичното дело од членот 193 од Кривичниот законик – „Прикажување на порнографски материјал на малолетник,“ на начин што се предвидува казнување на лицата кои учествуваат во порнографски претстави. Исто така, се инкриминира присилбата на малолетници за извршување на делото и квалификуван облик на делото кога е извршено со малолетник кој не наполнил 14 години. Воедно, се предвидува одговорност на правните лица, како и одземање на предметите искористени за извршување на делото или што настанале од извршувањето.

Со членот 48 се менува кривичното дело од членот 193 – а од Кривичниот законик на начин што се менува насловот и описот на кривичното дело согласно Конвенцијата за сексуална злоупотреба на децата на Советот на Европа и притоа, со делото на „Производство и дистрибуција на детска порнографија“се заостгруваат санкциите за стореното кривичното дело и се воведува одговорност на правните лица.

Членот 49 воведува ново кривично дело во Деветнаесеттата глава од Кривичниот законик што се однесува на кривичните дела против половата слобода и половиот морал, согласно Конвенцијата за сексуална злоупотреба на децата на Советот на Европа. Така, со членот 193 – а: „Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години“ се врши инкриминација на еден современ облик на педофилија.

Со членот 50 се врши интервенција во кривичното дело „Родоскврнавење“ од член 194 од Кривичниот законик и притоа, се врши инкриминација на обљубата врз малолетник кој наполнил 14 години, земајќи во предвид дека обљубата врз малолетник кој не наполнил 14 години е опфатена со кривичното дело од членот 188.

Со членот 54 од измените се заострува санкцијата за основниот облик на кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ (член 215 од Кривичниот законик). Исто така, се предвидува облик и полесна казна во случите кога делото е извршено со дроги, прихотропни супстанции и прекурсори од помало количество.

Во членот 56 се предвидуваат измени на кривичното дело од членот 218 од Кривичниот законик - „Загадување на животната средина и природата“. Имено, современите услови на живеење повлекуваат обврска за поголема грижа за животната средина, а особено на лицата кои се одговорни за заштитата. Од тие

причини, сторувањето на кривичното дело од страна на службено или одговорно лице се третира како квалификаторен облик и се предвидува повисока казна.

Членот 57 воведува ново кривично дело „Незаконита експлоатација на минерални суровини“ во Дваесетивтората глава од Кривичниот законик која ги содржи кривичните дела против животната средина и природата. Целта на воведувањето на ова дело е да се спречи незаконската експлоатација на државното богатство со која се врши трајно уништување на земјоделското и шумското земјиште и деградација на просторот.

Членот 58 од измените отстранува техничка грешка во кривичното дело „Предизвикување шумски пожар“ од член 227 од Кривичниот законик согласно член 122 кој содржи дефиниција на „ штета од големи размери,“ а не и на „штета од поголеми размери.“

Членовите 60 - 63 предвидуваат построго казнување за кривичните дела „Загрозување на животната средина и природата со отпадни материјали“, „Неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материјали“, „Внесување опасни материи во земјата“, „Тешки дела против животната средина и природата“ и „Незаконита експлоатација на минерални суровини.“ Заради поголема заштита на животната средина и природата, а со оглед на зголемувањето на опасниот отпад, нуклеарните и опасните материи, како и тешките последици од извршувањето на таквите дела, се предвидуваат повисоки казни од постоечките.

Членот 64 врши прераспоредување на ставовите од членот кој се однесува на кривичното дело „Кражба“ (член 235 од Кривичниот законик) согласно македонските номотехнички правила.

Со членот 65 се врши заострување на санкциите предвидени за извршување на кривичното дело „Тешка кражба“ (член 236 од Кривичниот законик). Воедно, се предвидува квалифициран облик кога делото е сторено со предмети со вредност од големи размери.

Со членовите 66 и 67 се предвидува полесен облик на кривичните дела „Разбојништво“ и „Разбојничка кражба“ кога вредноста на одземениот предмет е помала и со тоа, стварната надлежност за постапување кај предложените облици останува кај основните судови со основна надлежност.

Со членот 68 се вршат измени на кривичното дело „Бесправно градење“ од член 244 – а од Кривичниот законик. Имено, се менуваат казните на начин што кога делото е сторено заради продажба се предвидува како квалификаторен облик. Воедно, се следи дикцијата воведена со членот 20 да не се наведуваат облиците на кривични дела за кои одговара правното лице.

Членот 70 од измените воведува ново кривично дело во Дваесет и третата глава која ги содржи кривичните дела против имотот со новиот член 249 – а:

„Измама на штета на средства на Европската заедница.“ Со предложеното кривично дело се инкриминираат дејствија со кои се нанесува штета на средства на Европската заедница земајќи го во предвид статусот на Република Македонија на земја кандидат за членство во Европската Унија и пристапноста на европските фондови.

Со членовите 71 и 73 од предложените измени се врши дополнување на кривичните дела „Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем“ (член 251 од Кривичниот законик) и „ Компјутерска измама“ (член 251 – б од Кривичниот законик) согласно Конвенцијата за компјутерски криминал на Советот на Европа. Воедно, се воведува кривична одговорност за правните лица.

Со членот 74 се врши допрецизирање на кривичното дело „Прикривање“ од член 261 од Кривичниот законик со додавање на поимот „имот“ со што се покриени сите видови на имот со кои може да се изврши кривичното дело „Прикривање“. Воедно, се предвидува одговорност на правните лица.

Членовите 75 и 77 – 80 вршат измена на кривичните дела од Дваесет и четвртата глава од Кривичниот законик која ги содржи делата против културното наследство и природните реткости. Имено, согласно зголеменото вршење на овие кривични дела и интересот на Република Македонија да го заштити своето културно наследство, се заоструваат санкциите кај кривичните дела: „Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости,“ „Изнесување односно извезување во странство добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости,“ „Отуѓување на културно наследство од особено значење во државна сопственост,“ „Забрана на увоз на украдено културно наследство,“ „Уништување или прикривање на необработен архивски материјал“ (член 264, член 266, член 266-а, член 266-б, член 267).

Членот 76 од измените го брише вториот став на кривичното дело „Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост“ од член 265 од Кривичниот законик од причина што истото е опфатено со кривичното дело „Тешка кражба,“ односно со измените предложени со член 64 на овој закон.

Со членот 81 се врши изменување и дополнување на кривичното дело „Правење, набавување или оттуѓување средства за фалсификување“ (член 271 од Кривичниот законик). Имено, се воведува како облик на делото правањето, набавувањето, продавањето или давање на употреба различни средства за фалсификување или за неовластено прибавување на банкарски податоци, како и нивното неовластено монтирање и користење.

Членот 82 воведува ново кривично дело во Дваесет и петтата глава на Кривичниот законик кој ги содржи делата против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Членот 271 – а се однесува на „Посебни случаи на

фалсификување на пари, хартии од вредност или знаци за вредност“ и со истиот се инкриминира постапувањето спротивно на одлуката на надлежниот орган за правење или повлекување на пари, хартии од вредност или знаци од вредност. Исто така, се предвидува и одговорност на правното лице.

Интервенциите што се вршат со членот 83 од измените и дополнувањата во кривичното дело „Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 од Кривичниот законик произлегуваат од потребата за усогласување со меѓународните инструменти и укажувањата на меѓународните експерти. Имено, се проширува кругот на инкриминираните дејствија, се предвидува одговорност на лицата вработени во институциите вклучени во борбата против перењето пари, се утврдува квалификаторен облик, како одговорност ако делото е сторено од небрежност. Воедно, се даваат насоки на судиите во водењето на постапката кај ова кривично дело кога постојат фактички или правни пречки за утврдување на претходното казниво дело, како и утврдувањето на знаењето на сторителот. Исто така се предвидува одземање на приносот од казнивото дело, односно друг имот што одговара на неговата вредност.

Со членовите 84 и 85 се вршат терминолошки измени на кривичното дело „Издавање чек без покритие и злоупотреба на кредитна картичка“ од член 274 од Кривичниот законик заради фактот што поимот платежна картичка ги опфаќа кредитните и други видови на картички со кои се вршат кривични дела.

Членот 86 од измените и дополнувањата внесува ново кривично дело во во Дваесет и петтата глава на Кривичниот законик кој ги содржи делата против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Со членот 274 - б се инкриминираат дејствијата на изработка и употреба на лажна платежна картичка со оглед на современите тенденции и појавата на конкретното дело.

Членот 87 предвидува измени и дополнувања на кривичното дело „Измама при работењето со хартии од вредност и удели“ (член 275 од Кривичниот законик). Имено, се предвидува одговорност на лицата со пристап до внатрешни информации, како и на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност. Исто така, како квалификаторен елемент се додава предизвикувањето нарушување или растројство на пазарот на хартии од вредност. Воедно, се воведува и задолжително изрекување на забраната за вршење на професија, дејност или должност заедно со казната затвор.

Со членот 88 се воведуваат три нови кривични дела во Дваесет и петтата глава на Кривичниот законик кој ги содржи делата против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Членот 275 – а го воведува кривичното дело „„Повреда на правата на хартии од вредност“ кое се предвидува со цел гонење и спречување на современите појави кога сопствениците од хартии од вредност се попречени да ги остварат своите сопственички права. Членот 275 – б го воведува кривичното дело „Незаконито постапување на овластен ревизор“ и со тоа се инкриминираат бројни измамнички дејствија на овластени ревизори. Се

предвидуваат поостри санкции за квалификаторните облици, одговорност на правните лица и задолжително изрекување на забраната за вршење на професија, дејност или должност заедно со казната затвор. Новиот член 278 – б: „Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно – приватно партнерство“ е усогласен со новиот Закон за јавни набавки и целта е да се спречат бројните дејствија со кои се избегнува, односно повредува законски утврдената постапка за јавни набавки.

Со членот 89 се врши дополнување на кривичното дело „Криумчарење“ (член 278 од Кривичниот законик), односно прецизирање дека делото се врши со пренесување на непријавени стоки или стоки различни од пријавените, односно декларираните. Се предвидува и построга казна кога делото е сторено со стока од големи размери.

Членот 90 врши отстранување на правната празнина во кривичното дело „Царинска измама“ (член 278 – а од Кривичниот законик) кога истото е извршено со избегнување на неплаќање на давачки и даноци од значителна вредност.

Членот 91 од предложените измени врши дополнување на кривичното дело „Даночно затајување“ (член 279 од Кривичниот законик) со што се предвидува одговорност кога се даваат лажни податоци за приходите на правните лица.

Со членот 92 се вршат интервенции во кривичното дело „Фалсификување или уништување на деловни книги“ (член 280 од Кривичниот законик) согласно одредбите на Законот за трговските друштва.

Со членот 93 се предвидува измени во кривичното дело „Оддавање и неовластено прибавување деловна тајна“ (член 281 од Кривичниот законик) со што се елиминира можноста сторителот да не одговара за примањето поткуп како посебно кривично дело.

Членовите 94 и 95 вршат измени на насловот и описот на кривичното дело “Создавање на монополска положба и предизвикување растројство на пазарот“ (член 283 од Кривичниот законик) согласно Законот за заштита на конкуренцијата. Воедно, како последица се предвидува имотна корист или штета од големи размери. За поблагите облици на ова дело се поведува прекршочна постапка од страна на Државната комисија за заштита на конкуренцијата.

Со членот 96 се менува квалификаторниот облик на кривичното дело „Нелојална конкуренција во работи на надворешно – трговскиот промет“ (член 284 од Кривичниот законик) на начин што се подигнува имотната корист или штетата на висина на големи размери заради тоа што се работи за правни лица во надворешно – трговскиот промет и кривичното гонење треба да се врши за сериозно прекршување на законските прописи.

Членовите 97 и 98 ги менуваат двете кривични дела „Неовластена употреба на туѓа фирма“ и „Неовластена употреба на туѓ пронајдок или софтвер“ од членовите 285 и 286 од Кривичниот законик согласно одредбите од Законот за индустриска сопственост, правата предвидени со истиот и користената терминологија.

Со членот 100 се заоструваат санкциите за сторителите на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“(член 353 од Кривичниот законик) кога е прибавена значителна имотна корист или нанесена значителна имотна штета, како и кога е извршено при вршење на јавни набавки, на штета на средствата на Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или од други средства на државата.

Членот 101 предвидува поостра казна за сторителот на кривичното дело „Несовесно работење во службата“ (член 353 – в од Кривичниот законик) во случаите кога службените или одговорните лица во јавните претпријатија или јавните установи со вршењето на делото прибават значителна имотна корист или нанесат значителна штета.

Со членот 102 се воведува одговорност на одговорни лица во странски правни лица или лица кои вршат работи од јавен интерес при извршување на делото „Проневера во службата“ (член 354 од Кривичниот законик).

Членот 103 врши измени и дополнувања на кривичното дело „Примање поткуп“ (член 357 од Кривичниот законик) на начин што се предвидува одговорност кога „директно или индиректно“ се бара, прима подарок или корист или ветување за подарок или корист за себе или за друг. Се предвидува како квалификаторен облик прибавувањето на поголема или значителна имотна корист, а исто така се воведува одговорност на одговорните лица кои вршат работи од јавен интерес, како и на одговорните лица во странските правни лица и странските службени лица.

Со членот 104 се изменува кривичното дело „Давање поткуп“ (член 358 од Кривичниот законик) согласно измените во делото „Примање поткуп“ на начин што се инкриминира „директното или индиректното“ давање, ветување или нудење на поткуп.

Со членот 105 се вршат измени на кривичното дело „Противзаконито посредување“ (член 359 од Кривичниот законик) заради тоа што за противзаконито посредување на штета на Република Македонија се одговара во стек со другите кривични дела против службената должност. Воедно, се воведува кривична одговорност на правно лице.

Значајна новина во предлогот е содржана во членот 106 каде што се менува постојното кривичнот дело од членот 359 – а и се пропишува ново кривично дело „Противправно стекнување и прикривање несразмерен имот“. Овој

член е воведен заради усогласување со најновите меѓународни стандарди, односно со членот 20 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата. Така, во наведениот член од оваа Конвенција е пропишано дека „Во зависност од нејзиниот устав и од основните принципи на нејзиниот правен систем, секоја земја ќе го има предвид усвојувањето на законодавство и други мерки потребни за утврдување како кривичен прекршок, кога е направено со умисла, на противправното збогатување, т.е. на значителното зголемување на имотот на јавен службеник за кое тој, во однос на неговиот законски приход, не може да даде разумно објаснување .”

Основниот облик на ова кривично дело се состои од две дејствија. Првото е кога службеното лице или одговорното лице во јавно претпријатие или јавна установа кое спротивно на законската должност за пријавување на имотната состојба дава лажни податоци за своите приходи, а второто кога ќе се утврди дека за време на вршењето на функцијата овие лица или членовите на нивните семејства се стекнале со имот кој значително ги надминува неговите законски приходи и за кои ги прикрива неговите вистински извори. Пропишаната казна затвор за ова дело е од шест месеци до пет години и парична казна. Ставот 3 предвидува квалификаторен облик и построга казна, а во ставот 4 се предвидува и неказнување ако биде дадено прифатливо објаснување за потеклото на имотот. Во ставот 5 од овој член е пропишано и дека имотот кој значително ги надминува приходите што законски ги остварува и за кои сторителот ги прикрива вистинските извори се конфискува, а ако неговото конфискување не е можно од сторителот се конфискува друг имот што одговара на неговата вредност. Во следниот став е предвидено и конфискување на имотот и од членови на семејствата и од трети лица на кои е пренесен ако е очигледно дека не дале противнадомест што одговара на неговата вредност или ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадомест.

Со членот 107 од измените се внесуваат две нови одредби во Триесеттата глава на Кривичниот законик која се однесува на кривичните дела против службената должност. Новиот член 362 – а се однесува на условите за гонење за кривичните дела против службената должност кога делата се сторени во странство од лице кое не е државјанин на Република Македонија, односно дека гонењето се презема по одобрение на Јавниот обвинител на Република Македонија. Новиот член 362 – б предвидува задолжително изрекувањето на забраната за вршење на професија, дејност или должност во траење од една до десет години заедно со казната затвор од најмалку шест месеци.

Со членот 108 се врши дополнување на одредбата од членот 364 од Кривичниот законик која се однесува на кривичното дело „Непријавување кривично дело или сторител.“ На тој начин. се предвидува казнување на лице кое ќе пропушти да го пријави сторувањето на кривичното дело „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“ (член 165 – а од Кривичниот законик).

Членот 109 ја заострува санкцијата за извршување на кривичното дело „Неизвршување судска одлука“ (член 377 од Кривичниот законик) во случаите кога е предизвикана потешка повреда на правата на друг или е нанесена значителна имотна штета.

Со членот 111 се врши дополнување на кривичното дело „Тероризам“ (член 394 – б од Кривичниот законик) со што се проширува описот на делото и се инкриминираат повеќе дејствија за извршување на кокретното кривично дело.

Членот 112 го дополнува кривичното дело – „Финансирање на тероризам“ (член 394 – в од Кривичниот законик) и притоа, се заострува казната кога делото е сторено од група или банда, се предвидува одговорност на службените лица кога ќе преземат дејствија спротивно на постапката за спречување на финансирање на тероризам, се предвидува одговорост кога делото е сторено од небрежност и се следи дикцијата на членот 20 на овој закон да не се наведуваат облиците за кои одговара правното лице.

Членот 113 воведува ново кривично дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ во Триесет и третата глава која ги содржи кривичните дела против јавниот ред согласно Дополнителниот протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал кој се однесува на казнување на акти на расизам и ксенофобија сторени по пат на информатички систем.

Членот 114 од предложените измени го дополнува описот на кривичното дело „Изработување н набавување оружје и средства наменети за извршување на кривичното дело“ (член 395 од Кривичниот законик) и ги заострува предвидените санкции.

Членот 115 од предложените измени ги заострува предвидени санкции кај кривичното дело „Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“ (член 396 од Кривичниот законик) и предвидува построга казна кога делото е сторено од група, банда или друго злосторничко здружение.

Членот 116 врши дополнување на измените од јануари 2008 година на нашин што се додава наслов на кривичното дело воведено со членот 396 – а.

Членот 117 го брише шестиот став од кривичното дело „Трговија со луѓе“ (член 418 – а од Кривичниот законик) заради тоа што обидот е казнив согласно општата одредба од член 19 од Кривичниот законик. Воедно, се предвидува одговорност на службените лица согласно Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе.

Членовите 118 и 119 од измените интервенираат во кривичните дела на „Криумчарење мигранти“ (член 418 – б од КЗ) и „Трговија со малолетно лице“ (член 418 – г од КЗ) согласно Конвенцијата на Советот на Европа за борба против

трговијата со луѓе на начин што се предвидува повисока одговорност на службените лице.

Членот 120 предвидува утврдување на пречистен текст на Кривичниот законик заради големиот број на измени и потребата за јасен преглед во примената на материјалното кривично право.

Членот 121 наложува обврска на државните органи да ги усогласат законите во кои се пропишани кривични дела со измените утврдени со предложениот закон.

Членот 122 предвидува влегување во сила, примена на измените и одложна примена на одредени одредби заради усогласување со други акти.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените измени и дополнувања на Кривичниот законик ќе ја зајакнат и подобрат казнено-правната рамка што е една од главните претпоставки за ефикасност во работата на институциите надлежни за заштита на слободите и правата во една демократска држава. Воедно, ќе се изврши приближување на казнено – правниот систем на Република Македонија до европските стандарди што е клучен услов за евро-интеграционите процеси во нашата земја.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ЗАКОНИ

Донесувањето на измените и дополнувањата на Кривичниот законик ќе имаат повеќе последици. Пред се, потребно е усогласување со процесните одредби, односно Законот за кривичната постапка. Исто така, се јавува и потреба од интервенции во Законот за јавните набавки, како и усогласување на законите кои содржат кривични дела и водењето на евиденција за казните на правните лица со измените на општите одредби на Кривичниот законик.